УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Факултет за јавна администрација и политички науки**

Магистерски студии – Дипломатија

**МАГИСТЕРСКА ТЕЗА**

# ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА


Студент: Аида Башовиќ

Ментор: Проф. д-р Абдула Азизи

Број на ИД: 126753


Тетово, 2022

*Вовед*

Кина и народните од Европа бележат долги векови на меѓусебни односи и трговска размена на стока. Иако Кина интригира на многу начини, има огромна популација, поседува долга политичка и културна традиција, земја со енормна територија, има изобилство на природни ресурси, долга историја и напредна култура, таа и покрај тоа низ вековите бележи подеми и падови. Била полуколонијална земја, изгубила контрола над делови од својата територија, но опстојувала и доминирала во Источна Азија, како во минатото така и во денешни времиња. Кина е препознатлива по змејот, тој е симбол на моќ и влијание, благородност и слава. Нејзиното знаме е црвено со пет жолти ѕвезди, црвената боја ја симболизира крвта на кинеските војници, пролеана за време на револуцијата, големата ѕвезда ја претставува доминацијата на комунистичката партија, а помалите четири се граѓанските класи во Кина: високата класа, буржоазијата, селаните и работниците. Посебно е интересно како Кинезите ја нарекуваат својата земја, *Zhongguo* што во буквална смисла на зборот значи „Средно кралство“,[1] името потекнува од шести век пред н.е., неколку века пред обединувањето на кинеската империја и дури тогаш постоела идејата да се биде центар на цивилизација, култура и политички авторитет.

Кон крајот на седумдесеттите години од минатиот век, Кина беше една од најсиромашните земји во светот, дипломатски изолирана и минимално вклучена во меѓународната економија. Таа во последните триесет години остварува брз економски раст и технолошки развој, таа постојано расте. Денес Кина е втора по големина и најдинамична економија во светот.

Западно од Кина е Европа, а денес таа е обединета и интегрирана во своите различности. Од нејзиното основање со формирањето на Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ) од страна на шест земји: Франција, Сојузна Република Германија, Италија, Белгија, Луксембург и Холандија, па така низ годините таа постепено растела и ги поттикнувала останатите европски земји на интеграција.

---

[1] https://www.cambridge.org/core/journals/historical-journal/article/abs/whats-in-a-name-zhongguo-or-middle-kingdom-reconsidered/E699F5808F4C08DFB7873AD8212DD40E - 12.03.2022

Денес брои дваесет и осум суверени земји кои ја сочинуваат Европската Унија, а нејзината администрација е во Брисел. Европската Унија претставуваа наднационална организација, семејство на демократски држави кои имаат за цел да обезбедат мир и напредок преку заедничка политичка и економска соработка, како и преку заедничка надворешна и безбедносна политика. Има свое знаме, своја химна, своја Еврозона, во која деветнаесет од дваесет и осум земји членки го користат еврото како официјална валута, слободно движење на стоки, услуги, капитал и луѓе, единствен заеднички пазар и царинска унија без бариери.

Европската надворешна политика ги опфаќа сите политики на Европската комисија и Европската Унија, кои се насочени кон други држави, но и региони и меѓународни организации. На тој начин, таа гледа силен и стабилен политички и економски партнер во Народна Република Кина. Народна Република Кина и Европската Унија се две од трите најголеми економии во светот. Во исто време, Европската Унија е посветена на одржување стабилни и цврсти односи со Хонг Конг и Макао, таа го почитува и промовира принципот „една земја, два система“ и во однос на тајванското прашање, сите политики на европските земји се креирани исклучиво на трговските можности. Кина, од друга страна, бележи пораст и напредок како ретко која земја во изминатите триесет години. Таа е силно сконцентрирана на својот напредок и оттука се гледа нејзиниот успех.

Нивните политички односи почнуваат да се развиваат во доцните деведесетти. Напредуваа брзо и тоа доведе до воспоставување стратешко партнерство. Имаат многу заеднички интереси и сериозни и силни економии кои што влијаат една на друга. Развојот на нивните односи треба да се разгледува од самите почетоци, при тоа да не се занемари и времето кога Кина речиси била колонизирана и под влијание на Западните сили. Губењето на дел од својата територија не ја расклатило нејзината самодоверба и стремежот гордо да се истрае во борбата за напредок и подобро утре.

Целта на овој труд е да се разгледа развојот на односите помеѓу Народна Република Кина и Европската Унија, и врз основа на досегашното искуство да се предвидат предизвиците и понатамошниот тек на истите.

# I. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ КИНА И ЕВРОПА

Европејците и Кинезите развивале меѓусебни односи уште во почетокот на раното христијанство. По, таканаречениот, Пат на свилата, од Кина до Рим, била пренесувана свила и различни видови луксузна стока. Но вредноста на испорачаната стока тешко можела да се спореди со вредноста и обемот на стоката што Рим требало да ја понуди, а која би била прифатлива за Кина. На тој начин се создавало негативно салдо кое се менува во нивна корист дури во 18-тиот век со воведувањето на опиумот. И покрај тоа што современата трговска размена меѓу земјите на Европската Унија и Народна Република Кина трпи нерамнотежа, никако не смее да се занемари улогата што Кина ја има во глобалниот синџир на производство.[2]

Португалците за прв пат стигаат до Кина од Малака во раните години од 16-тиот век и тоа е почеток на директните односи помеѓу Кина и земјите од Европа. Првиот Европеец кој преку морски пат стапнал на кинеско тло во областа Гуангдонг е Жорже Алварес. После серија воени порази и други видови понижувања од западните сили, кои започнаа со Опиумските војни кон крајот на 1840 година, Кина станува полуколонијална земја. Целта на опиумските војни била исклучиво економска и трговска, односно капиталистичка. Англија извезувала сребро во замена за кинески чај, и на тој начин се создавал дефицит на сребро во британските резерви. Сакајќи да го поврати тој благороден метал, со криумчарење на опиум преку Индија, ја наметнала неговата потрошувачка и ја зголемила неговата зависност и безграничната консумација меѓу кинеското население. Британската воена политика била подмолна, Кина почнала да слабее не само воено, туку и економски и политички.[3] Еден од клучните настани во 19-ти век е британското преземање на Хонг Конг, како резултат на мировен договор, а на тој начин Британија стекнува контрола на пристаништа. Кина влегува во таканаречен „век на понижување“ и страда од експлоатација од западните сили. По основањето

---

[2] Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008, стр. 13.

[3] https://asiapacificcurriculum.ca/learning-module/opium-wars-china - 14.01.2022

на Народна Република Кина на 1 октомври 1949 година[4], „векот на понижување“, кој што траеше сто и девет години, конечно заврши. Европа стравуваше од кинеското јакнење и пропаѓањето на нивните општества. Но таквата слика за Кина до осумдесеттите години на минатиот век драстично се измени. Европските земји се осврнаа кон внатрешните работи и нивно обновување преку Европската Унија, а во однос на меѓународната политика и економска соработка, Кина беше на врвот на нивната агенда.[5]

Пред неколку децении, францускиот министер задолжен за надворешни работи Роберт Шуман сакајќи да ја реализира својата визија и да ја види Европа обединета, предлага производството на јаглен и челик да се стави под единствена власт, со цел да се обезбеди заедничко користење и контрола на јагленот и челикот, да се придонесе кон економскиот раст и да се зајакне мирот помеѓу Франција и Германија чија што историја е обележана со непријателство. Во 1951 година во Париз, потпишан е Договорот за основање на Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ) од страна на претставниците на шест држави: Франција, Сојузна Република Германија, Италија, Белгија, Луксембург и Холандија. Неговото потпишување ја започнува економската, пред сè, а потоа и политичката интеграција на европските земји. Развојот на истата бележи неколку етапи. Наредната е потпишувањето на договорите за основање на Европската економска заедница и Европската заедница за атомска енергија (ЕВРОАТОМ) од страна на земјите членки на ЕЗЈЧ на 25 март 1957 година во Рим и нивно влегување во сила на 1 јануари 1958 година. Со овие договори се формира Европската заедница, се создава систем на заедничко одлучување во однос на економски прашања, а на тој начин почнува да се реализира идејата за единствен заеднички пазар, без бариери, формирање на царинска унија, координација на економска и монетарна политика, аграрна, транспарентна и социјална политика и употреба на атомска енергија за мирољубиви цели. Во 1987 година, направена е ревизија на договорите со Единствениот европски акт (ЕЕА) и конечно на 1 ноември 1993 година со потпишувањето на Договорот од Мастрихт Европските заедници се обединуваат во

[4] https://digitalarchive.wilsoncenter.org/document/121557.pdf?v – 09.01.2022

[5] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 1.

единствена, таканаречена Европска Унија, со што започна политичкото обединување на земјите од Европа.[6]

Набрзо по основањето на Народна Република Кина, неколку европски држави, меѓу кои, Шведска, Данска, Швајцарија, Велика Британија, Норвешка и Холандија, ја признаа новата влада во Пекинг, под водство на лидерот на Комунистичката партија на Кина (КПК), Мао Це Тунг. Од друга страна пак, Соединетите Американски Држави и неколку други кои делеа приближни ставови,[7] ја признаа некомунистичката влада во Тајпеј на островот Тајван, предводена од Чианг Каи Шек.[8] Меѓу тие држави кои искажаа доверба на континентална Кина е Велика Британија која имаше посебни економски интереси во Кина, а нејзиното настојување да ги заштити, водеше кон стремежот да го задржи Хонг Конг како своја колонија. Британските дипломати сметаа дека признавањето подобро ќе го позиционира Западот и дека ќе создаде плодно тло за развивање на идните односи со Народна Република Кина.[9]

Во периодот по Втората светска војна, некои европски земји прават напори да воспостават официјални врски со Народна Република Кина. Во 1952 година, Обединетото Кралство е првата земја што презема ваква иницијатива, а неколку години подоцна, во 1964 година, ѝ се придружува и Франција. Двете влади на Кина, онаа во Пекинг и онаа во Тајпеј, во однос на Европа бележат лимитирани промени во почетокот на 1960 година и повторно во 1970-тите. Тоа се должи на лошите социо-економски експерименти кои се резултат од управувањето на Мао Це Тунг. Откако по 1970 година, на светската политичка сцена се случи темелна реконструкција со приближување на Соединетите Американски Држави и Народна Република Кина, и во 1989 година, дојде до експанзија на комунизмот во Источна

---

6 Вајденфелд, Вернер и Веселс, Волфганг, *Европа од А до Ш,* Прирачник за европска интеграција, Фондација „Конрад Аденауер”, Скопје, 2009 год., стр. 19-52.

7 На почетокот на 21 век, само Ватикан и Република Македонија ја признаа Република Кина на Тајван. Македонија ја менува одлуката кога граѓанската војна покажа дека политичките потреби од Пекинг се над економските потреби од Тајпеј. Воедно, и Светата столица започнува преговори со Пекинг. (Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 2.)

8 Виоти, Пол Р. и Каупи, Марк В., *Меѓународни односи и светска политика*, Академски печат, Скопје, 2009 год., стр. 166.

9 Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008, стр. 22-23.

Европа, односите помеѓу сè поголемата и поинтегрирана Европска Унија и брзо развиената и модернизирана Народна Република Кина стануваат посуштински.[10]

Во почетокот на седумдесеттите години на минатиот век, Кина особено го истакна својот интерес во однос на Европските земји и нивниот развој. Политичките прашања не биле единствените што ги мотивирале Заедницата и Народна Република Кина да ги зајакнат меѓусебните контакти. Низа билатерални трговски договори биле пред истек. Кон крајот на 1974 година, Народна Република Кина испраќа меморандум до Заедницата кој содржи насоки во однос на тоа како би изгледале преговорите за можен трговски договор помеѓу Народна Република Кина и Европската заедница. Тогашен потпретседател на Комисијата задолжен за надворешни односи, Сер Кристофер Соамс, за време на неговата посета на Кина во мај 1975 година, оствари средба со кинеските власти, кои ја истакнаа својата желба за воспоставување официјални односи со Заедницата и одлуката да назначат амбасадор во истата. Беше истакната и целта на Кина билатералните договори чијашто важност престана да се заменат со соодветен трговски договор. На 15 септември 1975 година, е назначен амбасадорот Ли Лиен-Пи, за шеф на Дипломатската мисија на Народна Република Кина во Европската економска заедница, со што и официјално беа воспоставени дипломатските односи помеѓу Европската заедница и Народна Република Кина. Делегација на Комисијата од 4 до 13 јули 1977 година беше во посета на Кина со цел да се постигне посакуваниот трговски договор.[11]

Реалната врска помеѓу Кина и Европската Унија почна да се продлабочува дури во 1990-тите, без оглед на порано воспоставените официјални дипломатски односи во 1975 година. Кина доживеа економски раст и политички подем, а од друга страна пак Европската Унија ја продлабочи својата интеграција и се оформи во глобална сила, што беше и повод двете страни да развијат нов интерес за билатералните односи.[12]

---

[10] https://www.tni.org/files/download/eu-china-civil-society.pdf (стр.8-9) - 09.01.2022
[11] http://aei.pitt.edu/8242/1/31735055282226_1.pdf - 10.01.2022
[12] https://www.tni.org/files/download/eu-china-civil-society.pdf (стр. 9) - 09.01.2022

На 3 април 1978 година, девет земји членки на Европската економска заедница и Народна Република Кина го потпишаа првиот трговски договор.[13] Заедницата втор пат потпиша трговски договор со комунистичка држава. Првиот е од 1970 година, со Југославија. Поголемиот дел од земјите од Источна Европа, меѓу кои Советскиот Сојуз, не ја признаваа Европската заедница, но Кинезите истакнаа дека ја гледаат како озбилен конкурент на советската политичка моќ во Европа. Од договорот, Кинеската влада очекуваше да добие напредна технологија и опрема на своите индустриски и земјоделски програми. Со новиот договор владата во Пекинг се надеваше дека трговијата со државите на Заедницата ќе се доближи на кинеската трговија со нејзиниот главен трговски партнер Јапонија. Целта на договорот е да се промовира и да се интензивира трговијата помеѓу Заедницата и Кина и да се поттикне постојаното проширување на економската соработка. Двете страни ќе се залагаат за создавање најповолни услови за трговија која би довела до широк спектар производи, инвестиции и ресурси со цел намалување на ризик. Во случај на трговски тешкотии, Заедничкиот комитет требаше еднаш годишно да заседава, со цел да се разгледа напредокот на трговијата помеѓу двете страни.[14]

Во периодот помеѓу 1975 и 1980 година, вредноста на трговијата се удвои, но како дел од трговијата на Кина вредноста на придонесот на Европската економска заедница опадна од 18 на 11 проценти. Регионалната трговија на Кина уште побрзо порасна, се создаде тренд кој се очекување да трае и во иднина. Во 70-тите години од минатиот век, Кина сакаше да им помогне на Европејците да се изборат за свое место меѓу големите сили, Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз. Но, во 80-тите години, Кина се трансформира преку политики на економски реформи и отворање. Соединетите Американски Држави ја менуваат својата повеќегодишна надворешна политика кон Кина, признавајќи ја владата во Пекинг како легитимна, наспроти владата на Тајван. Американската амбасада во Тајпеј се пресели во Пекинг, кој што испрати свои дипломати во Вашингтон, враќајќи ги тајванските дипломати дома. Кина воспоставува дипломатски односи со Соединетите Американски Држави, а во исто време покажува широка

---

[13] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A21985A0919%2801%29 – 11.01.2022
[14] http://aei.pitt.edu/60061/1/BN_3.78.pdf – 11.01.2022

гостопримливост за Советскиот Сојуз. За Европејците, Кина е потенцијален огромен пазар, и сметаат дека нивното искуство би било многу корисно за Кина во однос на нејзината политика на реформи и обнова. Кина, исто така, гледа кон нив како стабилни трговски партнери, а територијалната оддалеченост може да биде позитивен фактор. Во 1985 година се зајакнаа односите меѓу Европската економска заедница и Народна Република Кина со потпишување на нивниот прв договор.[15] Во договорот двете страни се согласија, во рамките на нивните важечки закони и прописи и во согласност со начелата на еднаквост и взаемна корист, за промовирање и зајакнување на меѓусебната трговија и поттикнување на постојано зајакнување на економската соработка во индустријата и рударството, земјоделството, вклучително и агроиндустријата, науката и технологијата, енергијата, транспортот и комуникациите, заштитата на животната средина и соработката во трети земји.[16]

Во јули 1989 година, дојде до пресврт во односите со Европа, „масакрот на плоштадот Тјенанмен" беше причина досега остварените блиски врски да завршат.[17] По насилното задушување на студентските демонстрации, Европа остана шокирана, а тоа доведе до воведување санкции против Кина од страна на Европскиот совет. Беа забранети состаноци на кој присуствуваа високи лидери, размена на војска и беше наметнато ембарго за оружје на Кина. Подоцна истата година, со крајот на Студената војна, сите комунистички влади од Источна Европа пропаднаа. На 9 ноември 1989 година, беше урнат Берлинскиот ѕид и за прв пат од 1945 година Берлин беше обединет. После неколку месеци, на 3 октомври 1990

---

[15] Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008, стр. 24-25.

[16] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=celex:21985A0919(01) – 11.01.2022

[17] „Движењето Тјенанмен е најголемиот масовен протест во историјата на Народна Република Кина што се одржа во пролетта 1989 година. Започна во Пекинг, со студенти кои се собраа на плоштадот Тјенанмен на почетокот на април за да ја одбележат смртта на поранешниот партиски лидер Ху Јаобанг, кој тие го сметаа за реформатор кој сочувствува со нивната желба за поголема политичка слобода. Демонстрантите поставија камп на плоштадот и во еден момент привлекоа повеќе од еден милион граѓани од различни општествени слоеви кои изразија широк спектар на поплаки, вклучувајќи ја и корупцијата меѓу челниците. Движењето беше уништено кога Раководството на ККП ѝ нареди на Народноослободителната армија да го расчисти плоштадот на 4-ти јуни, што резултираше со голема загуба на цивили, познат е како масакр во Пекинг." ( Joseph, William A., *Politics in China*, second edition, Oxford University Press, New York, 2014. стр. 522)

година беше официјализирано обединувањето на Источна и Западна Германија.[18] Европа очекуваше дека комунистичка влада во Кина наскоро ќе го следи примерот. Во 1991 година, се распадна и Советскиот Сојуз, што значеше уште едно искушение за комунистичката влада во Пекинг. Меѓутоа, кинеските лидери исто така беа шокирани од овие настани и од тивката политиката на Западот, кој долги години се обидуваше преку мирни средства да ги поткопа комунистичките системи.

Со крајот на Студената војна настанаа фундаментални промени во однос на политиката и економијата на светско ниво. Се создадоа нови можности и предизвици за Европа и Кина да ги прошират и продлабочат меѓусебните односи, а при тоа да не чувствуваат потреба да задоволат трети страни. Кинеските лидери одново воспоставија строга контрола на целата своја територија и работеа на подобрување на односите со своите соседи. Се продолжи со забрзување на економскиот раст заснован на економски реформи и политика на отворање. Од друга страна, Европејците настојуваа, освен економските и трговските, да ги зацврстат политичките димензии на нивната заедница. Се напредуваше во развивање на надворешната политика, особено по обединувањето на Германија и појавата на посткомунистички влади во Источна Европа, што резултираше со Договорот од Мастрихт од 1992 година.[19] Договорот го означи преминот од Европска заедница во Европска Унија и воспоставувањето на Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП).[20]

По Студената војна, Кина напредуваше во обновувањето на дипломатските односи со државите од Источна Европа. Односите со Европската Унија значително се подобрија, и покрај желбата да се спречи Тајпеј дипломатски да навлезе во Европа. Трговските односи не беа прекинати. Европските лидери ги започнаа своите посети на плоштадот Тјенанмен, а особено беше важна посетата на британскиот премиер, со која се потврдуваше договорот за враќање на Хонг Конг на Кина, договорен во 1984 година.

---

[18] https://www.history.com/topics/cold-war/berlin-wall - 11.01.2022

[19] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:11992M/TXT - 12.01.2022

[20] Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008, стр. 25-26.

Кинеската економија растеше брзо и Источна Азија полека стануваше центар на меѓународна економија. Како одговор на тоа, Европската комисија, која е извршно тело на Европската Унија, го издаде својот прв политички документ за азиската стратегија во 1993 година, со фокус на Кина. Документот го искажува заедничкиот став на Европската Унија, дека Кина нуди можност за трговија и е место каде Европската Унија може да ги спроведе политиките на нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика.

Односите помеѓу Европа и Кина се одвиваа и на ниво на Европска Унија и на ниво на одделни држави. Клучна улога во тие односи имаа Франција, Германија и Велика Британија. Во 1997 година, Велика Британија официјално го предаде Хонг Конг на Кина, на тој начин Британците ја зголемија довербата на Кина во однос на нивната поддршка за подемот на Кина на глобално ниво. Во 1999 година, враќањето на Макао од страна на Португалија стави крај на преостанатата европска империја во Кина. Кина со Велика Британија и Португалија овие прашања ги реши на билатерална основа, но на ниво на Унијата се преговараше за трговските услови и за клучните прашања на односите со Кина за сите земји членки на Европската Унија.

Европската Унија и Кина од тој период веќе беа во можност да го институционализираат нивниот однос, кој до 2004 година се договорија да ги наречат „стратешко партнерство“. Тоа се случи откако Кина откри дека преговорите со Европската Унија во однос на условите за нејзиниот влез во Светската трговска организација во 2001 година беа изненадувачки тешки. Наредната година владата на Кина за нејзините односи со Европската Унија објави „Бела книга“ (“White Paper”). Кина прв пат објавува каков вид документ во однос на некоја земја или во однос на некој регион. До 2004 година трговијата меѓу Унијата и Кина ја надмина и онаа меѓу Кина и Соединетите Американски Држави и трговијата меѓу Кина и Јапонија. Кина стана втор највреден трговски партнер на Европската Унија, додека Соединетите Американски Држави беа први. И покрај

неколкуте несогласување во однос на трговијата, тие не го нарушија напредокот на нивните односи.[21]

Особено беше важно прашањето помеѓу Кина и Унијата за укинувањето на ембаргото за оружје, со цел да се утврдат основните ограничувања на природата на нивните односи. Два клучни фактора дојдоа до израз, слабоста на Европската Унија како меѓународен актер и различниот пристап на Кина и Европа во однос на Соединетите Американски Држави, како единствена сила на глобално ниво. Европската Унија имаше силно разработени механизми за преговарање во однос на меѓународната трговија, но истото не може да се каже за нејзините преговарачки капацитети за пошироката надворешна и безбедносна политика. Сепак, Кина ја гледаше Европската Унија како политички силен актер спремен да дејствува независно, нивните растечки економски односи се гледаат како дел од процесот на глобализација и Унијата можеше да стане посебна светска сила, независна од подемот на Соединетите Американски Држави. Франција и Германија заедно беа најважните поборници за укинувањето на ембаргото за оружје на Кина. Многумина од Унијата го делеа истиот став, сметајќи дека Европската Унија треба да истакне независен став во светските работи, заедно со сопствената одбранбена сила. Сепак, Британија, Холандија, Шведска и некои од новите членки на Европската Унија се спротивставија поради различни причини кои беа одраз на различноста на приоритетите во нивната надворешната политика. Шведска, на пример, се спротивстави на укинување на ембаргото за оружје со образложение дека Кина сè уште не напредувала во однос на човековите права. Интересно е што Кина и понатаму не го ратификуваше Пактот на Обединетите нации за граѓански и политички права, иако многумина во Унијата беа на ставот дека тоа би го олеснило патот за укинување на ембаргото.

Во меѓувреме настана нова тензија во односите меѓу Кина и Европската Унија. Интензитетот на нивните економски односи почна да им нанесува штета на домашните економски интереси во Европа. Кинескиот извоз на одредени производи за широка потрошувачка толку многу се зголеми што нивната

[21] Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008, стр. 26-27.

побарувачка мораше да се ограничи. Многу битен е и фактот што тие ги потенцираат и стравувањата од негативни ефекти на глобализацијата во некои европски земји. Тоа беше и причина што граѓаните на Франција и Холандија на референдуми гласаа против европскиот устав. Уставот ги изгуби своите уставни елементи и прерасна во Договорот од Лисабон. Истовремено, принципот на добро владеење што Европа го промовира, посебно во земјите од Третиот свет, се среќава со тешкотии, бидејќи Кина има различен пристап. Водејќи се по принципот на немешање и потрагата по енергија и суровини, таа негува поинакви режими во земјите во развој, различни од оние што тие го имаа кон своите граѓани.

Иако се создаде независна врска која што и едните и другите сметаа дека е од големо значење за нивните интереси, Европа се чувствуваше притисната од обврските кон сојузниците чии национални безбедносни интереси беа силно засегнати од растот и подемот на Кина. Слободно можеше да се каже дека до тој момент немаше судир на големи интереси помеѓу Кина и Европската Унија, но покрај ембаргото на оружје и тешкотиите да се приспособат на глобализацијата во Европа претставуваат и предизвикуваат проблеми. Сето ова значеше дека врската е стигната во зрела фаза, дека прашањата за безбедноста и економските промени не можат да бидат ограничени на некој од нив без да влијае на другиот. Наредна фаза беше стратешки дијалог со цел да се справат со овие проблеми.

Можеби овие очигледни неуспеси се знаци на зрелата фаза до која дошла врската. Во свет во кој прашањата за безбедноста и економските промени не можат да бидат ограничени на кој било од неговите поединечни региони без да влијае на другите, треба да се очекува дека односите помеѓу Европската Унија и Кина би можеле да бидат ослободени од напнатост. Следната фаза од нивниот однос треба да покаже како нивниот стратешки дијалог, започнат во 2005 година и новите преговори за Рамковниот договор започнати во 2006 година, може да се справи со овие проблеми.[22]

[22] Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008, стр. 28-29.

## II. ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во последната години од минатиот век, Народна Република Кина и Европската Унија во многу аспекти беа слични, во други различни што на некој начин придонесе да останат како нереализирани учесници во нивните меѓусебни односи. Кина поради недостатокот на функционални државни институции, а Европската Унија затоа што нејзините земји членки се суверени национални држави. Иако отворањето на кинескиот пазар им одеше во прилог на земјите од Европа, сепак многу фундаментални прашања од светскиот поредок беа и за едните и за другите противречни. Во Европа, земјите со стабилна демократија беа единствени на ставот за решавање конфликти без употреба на сила и за универзална примена на човековите права. Додека Кина сметаше дека е неопходно да го зајакне својот суверенитет и дека за тоа сите опции за решавање на конфликти се отворени.

### 1. *Кина и Европа како воздржани стратешки партнери (1978–1988)*

Од воспоставувањето на дипломатските односи во 1975 година, Народна Република Кина и тогашната Европска заедница го зацврстија својот меѓународен статус. Во 1970 година, Европската заедница ја започна својата Европска политичка соработка (ЕРС), што претставуваше компромис помеѓу меѓувладините и наднационалните гледишта на земјите членки, како и чекор напред кон Заедничка надворешна и безбедносна политика (CFSP). Европскиот парламент (ЕР) ја зајакна својата улога во 1974 година со првите директни избори, а истата година Европскиот совет (ЕС) стана орган на извршна власт, составена од шефови на држави и влади. Комисијата беше овластена за заеднички трговски политики. Пекинг склучи антисоветско партнерство со Вашингтон во 1971/72 година.

Истовремено, некои идни заеднички проекти беа неизвесни. Владејачката коалиција во Народна Република Кина беше нестабилна со оглед на нејзината радикална и контроверзна политика. Во Брисел, престолнината на Европската

заедница, беше забавено создавањето на Економска и монетарна унија (ЕМУ), како и спроведувањето на политичките реформи. Народна Република Кина очекуваше дека Европската заедница ќе заземе посилен политички став и дека економски ќе придонесе кон модернизацијата на Кина. Од друга страна, проектот „Четири модернизации“[23] започнат од премиерот Џоу Енлај за отворање на најголемиот потрошувачки пазар на светот, значеше заживување на економскиот развој и отстапување од застарените политички идеологии. Економските односи со текот на времето се подобрувaа, но во Народна Република Кина изгледите и перспективите не беа особено ветувачки и затоа многу работи беше неопходно да се сменат. До јули 1977 година, Денг Ксијаопинг беше реизбран на функцијата заменик претседател на Комунистичката партија на Кина. Кина усвои активна политика на подобрување на односите со сите земји надвор од советскиот домен, воспостави целосни дипломатски односи со Соединетите Американски Држави и се обиде да ја обврзе Јапонија на поактивен антисоветски став. Во 1978 година веќе беше потпишан трговскиот договор помеѓу Кина и Европската заедница. Европејците беа охрабрени од Вашингтон да продаваат одредена количина оружје на Кина. Тоа беше причина Собранието на западноевропската унија да поднесе резолуција во мај 1978 година со која ќе се преиспита улогата на Кина во однос на европската безбедност, како и побарувањата од страна на Кина во однос на индустриска технологија. Но ништо од наведеното не беше испитувано.[24]

## 2. *Стратешките цели исчезнуваат (1979–1988)*

Во 1979 година, за време на втората нафтена криза Европа влезе во период од тригодишна рецесија. Тоа беше причина да се размислува за понатамошен развој на заедницата и отворање на прекуокеански пазари. Беше осмислен Европскиот монетарен систем кој водеше кон создавање монетарна унија. Способноста да се заземе став кон надворешната политика, Европската заедница ја покажа со

[23] Проектот „Четири модернизации“ се однесува на четири области на развој, земјоделство, индустрија, наука и технологија и одбрана (https://www.britannica.com/topic/Four-Modernizations) – 15.01.2022.

[24] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 10-12.

донесување на Венецијанската декларација,[25] во 1980 година, со што на палестинскиот народ беше признато правото на своја земја. Во ноември 1981 година се преземаа дополнителни мерки за зајакнување на политичката соработка, тоа беше предложено од страна на министрите на Италија и Германија кои беа задолжени за надворешни работи. Тие имаа низа предлози, Европскиот совет усвои неколку од нив кои станаа дел од „Свечена декларација за Европската Унија“ во 1983 година, која беше основа за Договорот од Рим и Единствениот европски акт од 1986 година. Порано од тоа, Комисијата на Европската заедница започна со подготовките за создавање на единствен внатрешен пазар. Беше планирано да се заврши до 31 декември 1992 година, истиот беше основа за нова доверба во европската економија.

Од друга страна, во Кина во 1978 година, Денг Ксијаопинг го потврди приматот на новиот економски императив, за да четири години подоцна заземе независен став во однос на двете големи сили. Во 1985 година, Денг официјално ја отфрли комунистичката доктрина на Мао Це Тунг за неизбежноста на нуклеарна светска војна и го поддржа разоружувањето. Имајќи го предвид сето тоа, на Европа требаше да ѝ се посвети посебно внимание. Неговиот став во однос на Европа беше јасен, дека Европа има клучна улога во зачувување на мирот во светот. Западна и Источна Европа треба да се развиваат и како такви развиени се посилни во одржувањето на мирот.

Од средината на 80-тите години од минатиот век па наваму, Западна Европа го привлече вниманието на Пекинг, особено поради сознанието, дека Европа со својата политика на интеграција не може во скоро време да ја надмине националната држава. Како и фактот дека Европската Унија ја препозна Источна Европа како регион кој може политички да се еманципира и одвои од Москва.

Зголемената економска и технолошка соработка помеѓу Европската заедница и Народна Република Кина поттикнуваше проширување на односите во други области. После трговскиот договор од 1978 година и договорот за трговија и соработка од 1984 година беше предвиден Заеднички комитет во чии рамки се

---

[25] https://eeas.europa.eu/archives/docs/mepp/docs/venice_declaration_1980_en.pdf - 22.01.2022.

одржуваа годишни состаноци на кои главно се дискутираше за технички проблеми поврзани со спроведувањето на двата договори. Преговори на високо ниво беа организирани и одржувани на две години со присуство на политички претставник од земјата претседавач со Европската заедница и кинескиот амбасадор во засегнатата земја.

Меѓу другото, во почетокот на 80-тите години од минатиот век, Пекинг воспоставува односи со Европскиот парламент, разменувајќи делегации со Националниот народен конгрес на Народна Република Кина. И покрај фактот дека улогата на Европскиот парламент во функционирањето на Унијата е на најслабо ниво, истиот постојано го поддржуваше зајакнувањето на односите помеѓу Кина и Европската Унија, барајќи од Комисијата и Советот да го истакнат пристапот на Народна Република Кина во Општиот договор за царини и трговија (ГАТТ).

Во периодот од 1975 до 1989 година, политичките и економските стремежи и кај двете страни на некој начин се преклопуваат. Меѓутоа, и Европската Унија и Народна Република Кина, тргнуваат од свои економски интереси кои се обликувани преку политиките кои ги водат во преговорите со другата страна. Улогата што Соединетите Американски Држави ја имаат како економски и воен стратешки партнер на Кина, Европската Унија не можеше да ја надмине. Ниту пак Кина можеше да интервенира во затегнатите односи меѓу земјите членки на Европската Унија. И кај двете страни недостасуваше јасна визија кон глобалните перспективи, затоа и беше неизвесна иднината на нивниот меѓусебен однос.[26]

### 3. *Кина и Европа како неподготвени стратешки партнери (1989–1996)*

Кон крајот на 80-тите години од минатиот век два клучни моменти имаа силно влијание на односите помеѓу Кина и Европа. Првиот е масакрот на Тјананмен, вториот уривањето на Берлинскиот ѕид, со што беше ставен крај на комунизмот во Источна Европа, како и почеток на демократизација во светот. Токму, масакрот на Тјананмен од 4 јуни 1989 година, а меѓу другото и некои прашања во однос на Тибет, се клучни меѓу кинеско-европските односи и тие до

---

[26] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 12-14.

денешен ден се чувствуваат на таа релација. Од тогаш се засили внатрешниот и надворешниот надзор врз политиките на двете страни, како и односот на Кина со земјите членки кои градеа свој став во однос на политиките кон Кина. Во тоа време, Брисел се обидуваше да не дозволи инцидентот да ги попречи долгорочните односи со Пекинг. Кон крајот на мај 1989 година, Европскиот парламент донесе резолуција во која владата во Пекинг беше повикана да преговара со студентите поради тековните демонстрации. На 5 јуни истата година беше објавена изјавата на Комисијата на Европската заедница во која беше изразено жалење поради бруталната репресија врз народот на плоштадот Тјананмен и фактот дека тоа може да има негативни последици врз нивната понатамошна соработка. Брисел побара од Народна Република Кина да донесе мерки со кои се гарантира безбедноста на граѓаните на земјите членки на Европската заедница кои се наоѓаа во Кина.

Наредниот ден, дванаесетте земји членки на Европската заедница осудувајќи го насилното задушување на демократското движење во Кина, ги прекинаа сите контакти со Народна Република Кина кои се одвиваа на високо ниво. Владата во Пекинг беше повикана преку дијалог да ја реши кризата без употреба на сила врз цивилите. На 7 јуни беше донесена одлука да се прекинат економските и културните односи со Народна Република Кина, на што Германија имаше свои приговори и беше решено, одлуката да се преточи во необврзувачки еднострани обврски. На 27 јуни, Советот ја соопшти својата одлука да се започне дебата за човековите права во меѓународните институции и беше прекинат извозот на оружје во Народна Република Кина. Културната, научната и технолошката соработка беше намалена. На 20 јули, амбасадорите на Ирска, Франција и Шпанија во Пекинг побараа кинеската влада да дозволи пристап на независни набљудувачи на судења на дисиденти, што беше одбиено и се сметаше како мешање во внатрешните работи на Кина.

На 4 јули 1989 година, министрите задолжени за надворешни работи ја искажаа својата желба, да се обноват политичките врски со Народна Република Кина. На 28 септември, на Генералното собрание на ОН, министрите за надворешни работи на Ирска, Италија и Луксембург, остварија средба со нивниот кинески колега. На таа средба италијанскиот министер за надворешни работи

истакна дека подобрувањето на односите помеѓу Европската заедница и Народна Република Кина е од витално значење за зачувување на мирот и стабилноста во светот. Италија лобираше во другите земји членки со цел да се ублажат санкциите кои што ѝ беа наметнати на Кина. Исто така, со цел да се продолжат преговорите со претставници на Народна Република Кина во однос на иднината на Хонг Конг, кинескиот министер за надворешни работи се сретнал со својот британски колега. Во септември 1990 година, Европскиот парламент истакна дека Британија го прекршила ембаргото за оружје со издавање дозволи на GEC Marconi да продава радарска опрема за борбени авиони.

За да не бидат надминати од страна на Соединетите Американски Држави и Јапонија, Европа инсистираше за нормализација во односите со Кина. Вашингтон многу лобираше во Пекинг, околу изрекување санкции против Ирак во Советот за безбедност на Обединетите нации. На 22 октомври 1990 година, министрите за надворешни работи на Европската заедница донесоа одлука за обновување на економската соработка со Народна Република Кина и воспоставување контакти на високо ниво. Францускиот министер за надворешни прашања одлуката ја образложи така што ја истакна поддршката на Кина за ставот на западните земји во однос на Ирак. Кина мораше да причека со донесување одлука со оглед на фактот што Европската заедница има повеќе земји членки кои можеа да преземат различни дејствија по однос на тоа прашање.

Шпанскиот министер за надворешни работи беше испратен во Пекинг да преговара за постепена нормализација на односите со Кина. Тој истакна дека е од голема важност да се подобрат односите со Кина, бидејќи таа е голема земја и постојана членка на Советот за безбедност на Обединетите нации и изрази верување дека и другите земји на Западна Европа ќе го сторат истото со цел подобрување на врските со Кина. Преговорите се одвиваа во насока на разменување на информации за меѓународните активности на двете страни, како и создавањето на заедничка комисија за трговија, прашањата во однос на човековите права како да беа оставени на маргините.

Во февруари и март 1991 година, кинескиот министер за надворешни работи ги посети Португалија, Шпанија и Грција. Во април, заменик-премиерот на Народна Република Кина ја посети Комисијата на Европската заедница. Од страна на Пекинг беше потенцирана посветеноста на економските реформи и отворањето кон светот. Во меѓувреме, Комисијата на Европската заедница размислуваше како понудената економска помош на трети страни да биде условена со политичките критериуми, како што е на пример состојбата со човековите права.[27]

### *4. Човековите права и стремежот кон кинескиот пазар (1992-1995)*

На 7 февруари 1992 година, потпишан е Договорот од Мастрихт. Со овој договор дванаесетте земји членки на Европската заедница ја воспоставуваат Европската Унија, со која се создава поблиска унија меѓу народните во Европа и можност сите граѓани да учествуваат директно во донесувањето одлуки.[28] Унијата се темели на три столба, Економска заедница/Економска и монетарна унија, Заедничка надворешна и безбедносна политика и соработка во правните и внатрешните работи. Секој од трите столба е под посебно раководство и при донесување одлуки секој столб има посебни процеси. Европскиот совет решава кои области се под заедничко дејствување и за кои прашања се носат одлуки со квалификувано мнозинство, Комисијата е задолжена за заедничка надворешна и безбедносна политика, Унијата на Западна Европа има задолженија да одлучува по прашања во однос на одбраната, додека во рамките на НАТО се развиваат таквите заеднички одбранбени политики.

Претседателството и Комисијата заедно беа одговорни за надворешно претставување на Европската Унија, Комисијата главно беше одговорна за трговската политика, односно за области кои се под надлежност на Европскиот Совет, а Претседателството за надворешната заедничка и безбедносна политика. Меѓутоа доколку ЗНБП претставуваше разочарување за оние кои очекуваа

---

[27] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 14-18.

[28] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:11992M/TXT - 03.03.2022.

меѓународно докажување на идентитетот на Европската Унија, едно беше сигурно дека воспоставување политичка волја не е само создавањето на нови практики.

Ова беше потенцирано со неуспехот на Европската Унија да се договори заедничка акција во поранешна Југославија. Немаше заедничка цел но ни заеднички способности во европската интервенција на Балканот, а тоа беше будно следно од страна на Пекинг. Иако обединувањето на Германија се гледаше со скептицизам, имајќи го предвид фактот дека може да има последици по европското обединување, од 1993 година Народна Република Кина го промени своето мислење и на поважните компоненти на Европската заедница почна да гледа како на партнери кои ветуваа на патот кон мултиполарност споредено со самиот Договор од Мастрихт. Мастрихт беше германска иницијатива, но во втората половина на деценијата, Франција го зазема водечкото место во европските интеграции со што се промени внатрешната рамнотежа на силите на Европската Унија. Воведувањето на заедничка валута евро и нејзиното дополнително проширување ќе ја подели Унијата на два посебни табора.

Во исто време, по изборите одржани во Германија и Франција, граѓаните на Европа концептот за заедничка валута би го поддржале само доколку тоа би придонело кон економски раст, а не кон негово загрозување.

Од друга страна, проширувањето на Европската Унија со земјите од Источна Европа беше поздравено од страна на Пекинг, додека тоа не беше случај и со членството во НАТО. Во овој контекст, голема но не и единствена улога одигра кинеско-руското „стратешко партнерство за 21 век“ од април 1996 година. Народна Република Кина беше доволно разумна да ги става во својата агенда противречностите помеѓу големата воена руска сила и растечката потенцијална европска сила.

Во 1997 година, со потпишувањето на Договорот од Амстердам[29], беа вложени напори да се поправат овие недостатоци и беа предложени заеднички активности каде што беше неопходна оперативна улога на Унијата во области кои што беа од заеднички интерес на земјите членки. Со цел усвојување на заеднички

[29] https://www.europarl.europa.eu/topics/treaty/pdf/amst-en.pdf - 03.03.2022.

позиции и заеднички стратегии беше воведено гласање со квалификувано мнозинство, но слаба точка беше „конструктивно воздржување“ како и одредбите за вето. На оперативно ниво, беше направен напредок со овој договор, Претседателството на Советот, заедно со генералниот секретар на Советот, како висок претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика, ја презеде одговорноста за спроведување на надворешното претставување.

Стремежот на Европа да ги обнови односите со Кина во почетокот на деведесеттите години беше силно поврзан со новата рецесија која што беше резултат на високите каматни стапки поради обединувањето на Германија, посилен дури од плановите да се биде глобален учесник. Во Народна Република Кина по фазата на штедење беше остварен голем економски раст, а тоа беше знак дека Пекинг беше подготвен не само за улогата на регионално ниво, туку и за глобално ниво. Од европска страна пак, соработката помеѓу двете страни која беше условувана преку човековите права, се промовираше на ниво на заедничка надворешна и безбедносна политика, која ги замени поединечните билатерални односи на земјите членки со Кина. До 1995 година, според Кина Европската Унија претставуваше експеримент, кој што повеќе или помалку зависеше од усогласеноста помеѓу Источна и Западна Германија. Поради ова не можеше да се гарантира нејзиниот успех. Народна Република Кина својот економски интерес го насочуваше кон поединечни земји членки на Унијата и добриот однос со истите, додека односите со Брисел имаа низа спорови околу квоти, антидампинг мерки, а исто така и во областа на човековите права.

Од 1990 година, Европската Унија ги спонзорираше резолуциите кои ја критикуваат Народна Република Кина во Комисијата за човекови права на Обединетите нации со седиште во Женева. Само еднаш, во 1995 година, Европската Унија и Соединетите Американски Држави имаа мнозинство со кое можеше да се расправа за предлог резолуцијата. Но делегацијата на Русија го промени своето мислење и на тој начин Кина ја избегна осудата.

Народна Република Кина на тоа одговори со низа отстапки и притисоци. Во 1992 година, премиерот на Кина Ли Пенг и министерот за надворешни работи Кјан

Кичен беа во посета на Западна Европа и Комисијата на Европската заедница во Брисел. Беше разговарано за односот помеѓу двете страни и министерот за надворешни работи на Народна Република Кина тие релации ги дефинираше на следниот начин: во меѓународните односи за двете страни е важен преминот од биполарен на мултиполарен систем, двете страни се залагаат за мир и стабилност и секој меѓународен проблем се решава со преговори без употреба на сила, за решавање на конфликтите, тие имаат водечка улога во Обединетите нации, во економска смисла меѓусебно се дополнуваат. Но со цел да се остварат овие релации треба да се почитува „принципот на немешање".

Солидарноста на Западот имаше низа недостатоци, а Пекинг тоа со внимание тоа го следеше и упорно го поттикнуваше на економска дипломатија.

На почетокот на 1995 година, кинескиот премиер Ли Пенг упати апел до Европската Унија да се откаже од поддршката за заедничка резолуција, потврдувајќи ја со тоа добрата состојба на економските односи. Една година пред тоа, Народна Република Кина и официјален Брисел го прошируја политичкиот дијалог. Кина го истакна својот посебен интерес во однос на одржување редовен дијалог за човекови права, додека за Европската Унија беше поважно тој дијалог да биде конструктивен и придружен со техничка помош. Првиот дијалог беше закажан во февруари 1995 година и тоа неколку недели пред одржувањето на годишната седница на Комисијата за човекови права на Обединетите нации. Кина веруваше дека на тој начин ќе влијае на гласачкото тело на Европската Унија, но тоа очекување се покажа погрешно. Во декември 1995 година, земјите членки на Европската Унија ја истакнаа својата загриженост во однос на затворањето на случајот без соодветна постапка за кинескиот активист за човекови права Веи Џингшенг и неговиот долгогодишен статус на кинески дисидент. Тој голем дел од својот живот го помина во затвор и во прогонство поради неговото активно учество во протестите против политиките на неговата влада.[30]

Во октомври 1995 година, Комисијата на Европската Унија објави „Долгорочна политика за односите меѓу Кина и Европа". Тоа беше обид да се

[30] https://biography.yourdictionary.com/wei-jingsheng - 04.03.2022.

усогласат неизбежната потреба за човековите права и реалните економските интереси. Во тој документ е дефиниран европскиот интерес кој што е поврзан со глобалниот и регионалниот ангажман на Кина, домашните реформи и желбата да се биде дел од најголемиот пазар на светот. Европската Унија имаше желба Кина целосно да биде дел од меѓународната заедница, да има слободен проток на идеи и соработка и да нема потреба од употреба на својата воена тежина.

Во доменот на човековите права беше неопходно да се оствари успех, а Европската Унија тоа го очекуваше со следните фази: да се даде поддршка на Кина во либерализацијата во сите области на животот, редовно да се покренуваат прашања за човековите права во билатерален дијалог и да се ангажираат меѓународните заедници. Покрај сето тоа останаа уште две прашања отворени, автономијата на Хонг Конг и Макао која што беше ветена.

Што се однесува до економските односи, голем предизвик за иднината на Кина беа реформите во индустријата која што беше во државна сопственост, создавање систем за социјално осигурување, како и воспоставување правен систем. Европската Унија сакаше да го сподели со Кина своето искуство во однос на истите, беше осмислено тоа да се спроведе со одржување на различни обуки. Кина беше поддржана за нејзиното членство во Светската трговска организација (СТО), но трговскиот дефицит и учеството во директните европски инвестиции кои што беа разочарувачки сепак и понатаму беа тема за дискусија.

Меѓународното признавање на Кина, беше силно поздравено од нејзина страна. Слабеењето на економската соработка помеѓу Народна Република Кина и Соединетите Американски Држави претставуваше отворен пат за Брисел и Пекинг дозволи тоа да се реализира. Но ставот на Европската Унија во Женевската Комисија се чинеше дека не се менува, а тоа многу и пречеше на Кина и тоа беше причина таа во мај 1996 година да го прекине дијалогот со Европската Унија во однос на човековите права.[31]

### *5. Убедлив став во однос на „Стратешкото партнерство“ (1997–2001)*

[31] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 18-23.

Кон крајот на 1997 година, Народна Република Кина се издига како стабилна држава и гради меѓународна доверба. Го презема Хонг Конг без пречки, а тогашниот претседател Џијанг Земин на 15-тиот конгрес на Кинеската комунистичка партија ја зацврстува својата позиција како прв меѓу еднаквите. Последователната источноазиска криза се чинеше како да не ја погоди Кина, но сепак постоеја и други настани кои можеа да влијаат на имиџот на Кина, меѓу нив имаше и такви од европска гледна точка.

На 1 јануари 1999 година, во единаесет земји членки на Европската Унија, освен Велика Британија и Данска, евро станува официјална валута. Во Франкфурт, Германија, беше отворена Европската централна банка. Народна Република Кина покажа интерес за претворање на делови од своите девизни резерви во евра. Но подоцнежниот пад на еврото не ветуваше поголеми придвижувања во таа насока, Пекинг мораше да ги одржува своите влогови.

Од другата страна пак, во декември 1999 година во Хелсинки беше одржан самит на кој 13 земји од Источна и Централна Европа, како и Кипар и Турција добија кандидатски статус. Преговорите со сите земји не се одвиваа исто, во некои земји институционалните реформи се одвиваа бавно. Кина го набљудуваше процесот на преговори и нивните проценки беа дека тој ќе потрае од десет до дваесет години.

На 26 февруари 2001 година беше потпишан Договорот од Ница.[32] Со него беа поставени институционални основи за проширување кои што беа недостижни, а тоа подразбираше зајакнување на гласачката моќ на поголемите членки, како и задржување на правото на вето во однос на области кои се суштински проблематични. За секој понатамошен напредок беше неопходна уставна дебата, што не предизвика поголемо одушевување од страна на земјите членки.

При крајот на дваесеттиот век, Советот на Европската Унија повторно се заинтересира за човековите права во Народна Република Кина. Официјален Париз поради незадоволството од годишната постапка во Женева, не ја поддржа

---

[32] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12001C/TXT&from=GA – 04.03.2022.

годишната резолуција, а неговиот пример го следеа Италија, Германија, Шпанија и Грција. Имаше неколку причини за таков потег: заедничка резолуција не беше донесена уште од 1990 година, Кина изрази подготвеност за потпишување пакт на Обединетите нации во однос на економски, социјални и културни права и прашањата во однос на човековите права треба да се решаваат преку дијалог. Претседателот Жак Ширак, побара од својата влада да се бори со невработеноста преку зголемување на трговијата со Кина. Тој во мај 1997 година го посети Пекинг со цел да го започне долгорочното сеопфатно партнерство и да биде дел од потпишувањето на договорите за продажба на патнички авиони во Кина. Во ноември 1997 година, беше обновен дијалогот за човекови права помеѓу Народна Република Кина и Европската Унија и како што најави официјален Брисел, се очекување тоа да биде темелен политички дијалог. Наредната година, Советот одлучи дека нема да биде поднесена заедничка нацрт-резолуција и дека тоа нема да го направи ниту една земја членка поединечно. Затоа, во Женева во воведната изјава на Европската Унија Претседателството даде осврт на состојбата со човековите права во Кина и оттогаш оваа политика се одржува.

На 2 април 1998 година во Лондон, беше одржан првиот самит помеѓу Европската Унија и Народна Република Кина во рамките на вториот состанок Азија-Европа (АСЕМ).[33] Пред одржувањето на состанокот, Комисијата на Европската Унија го објави својот стратешки документ „Градење сеопфатно партнерство со Кина“, во кој Европската Унија се залага за понатамошно вклучување на Кина во меѓународната заедница, создавање отворено општество врз основа на владеењето на правото и почитувањето на човековите права, интегрирање на Кина во глобалната економија, како и промовирање на Европската Унија во Кина.[34]

Имајќи го предвид фактот дека глобалните, регионалните и билатералните области на соработка не беа многу различни од документот од 1995 година, имаше поширoки препораки во областите како што е пристапувањето во Светската трговска организација каде општите декларации повеќе не беа доволни. Во однос

[33] http://aei.pitt.edu/41679/1/A5830.pdf - 04.03.2022.
[34] https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:1998:0181:FIN:EN:PDF – 04.03.2022.

на човековите права, беше истакнато подобрувањето и беа усвоени аргументите од страна на Кина во однос на воспоставувањето врска помеѓу почитувањето на човековите права и економскиот развој, како и социјалната и политичка стабилност во однос на која било друга земја. Дијалогот беше од значајна корист, како и програмите за соработка со цел зајакнување на владеењето на правото. Во однос на економијата, беше истакнато промовирањето на европските инвестиции и промовирањето на еврото.

Во насока да се реализираат овие цели, Комисијата на Европската Унија предложи одржување на годишни самити, состаноци на ниво на министри, како и состаноци на ниво на политички директори. Европската страна и понатаму инсистирање на продлабочувањето на дијалогот за човековите права. Вториот самит беше одржан во Пекинг од 29 октомври до 3 ноември 1998 година и акцентот беше ставен на економските прашања, проблемот со човековите права остана на маргините, се сведе само на говор одржан во институт за обука на државни службеници од страна на тогашниот претседател на Европската Комисија, Жак Сантер.

Третиот самит повторно се одржа во Пекинг, на 23 октомври 2000 година, и претставуваше продолжување на расправата околу преземање заедничка акција против трговијата со луѓе и илегалната имиграција. Немаше заеднички став во однос на организираниот криминал, перењето пари и трговија со дрога, а претседателот на Комисијата Романо Проди очекувајќи конкретни резултати повика на дијалог во однос на човековите права.

Уште од 80-тите години на минатиот век, Европскиот парламент покажува интерес за Хонг Конг, Макао, Тајван и Тибет, како и за човековите права во Кина. Кога за време на претседателските избори во мај 1996 година, Народна Република Кина се обиде да ги заплаши гласачите на Тајван со воени и ракетни маневри околу островот, Парламентот на Европската Унија реагираше и даде поддршка на народот на Тајван. Наредната година Европскиот парламент побара по мирен пат да се реши проблемот со Тајван, побара да се задржи ембаргото на оружје на Кина, да се одржат плуралистички избори во Хонг Конг, да се зачува законодавниот дом

на Макао, да се воспостават преговори помеѓу Пекинг и Тибет, Тајван да биде повеќе застапен во меѓународните организации во однос на човековите права, како и работничките права, економските прашања, развојот и животната средина, а исто така Европската Унија да отвори своја информативна канцеларија во Тајпеј.

Комитетот за надворешни работи на Националниот народен конгрес на Народна Република Кина сметаше дека со оваа резолуција Европската Унија премногу се меша во нејзините внатрешни работи и тоа придонесува за нарушување на атмосферата на нивните односи. Од друга страна пак, Европскиот парламент ги поздрави претседателските избори на Тајван, одржани во април 2000 година, повикувајќи ги двете страни да го продолжат дијалогот, изразувајќи желба Тајван да ја задржи својата влада, своите вооружени сили и својот политички систем.

Всушност, за Пекинг не беше толку важно тоа што велеа институциите на Европската Унија, поважно беше што велат силите за кои Кина се сомневаше дека работат зад тие институции. Во 1999 година, кинеските научници европската „дебата на трет начин[35]" ја сметаа како можен обединувачки елемент и формирање на моќен триаголник помеѓу Франција, Германија и Велика Британија.

Во областа на безбедноста, за Народна Република Кина во фокусот беше Европа, наместо Европската Унија. Пристапот кон кризата во поранешна Југославија во почетокот беше политички и тоа беше поздравено, но откако се претвори во воен пристап, се чинеше како обид да се спречи мултиполарноста и затоа беше осуден.

Во јули 1997 година, НАТО решава да ги прими Полска, Унгарија и Чешка во воената алијанса кои стануваат рамноправни членки две години подоцна. Според Пекинг тоа претставуваше чин со кој Соединетите Американски Држави се обидуваа да воспостават своја контрола над Европа.

Во 1995 година, официјален Пекинг ги осуди воздушните напади на НАТО во Босна и Херцеговина, но за разлика од Русија на потивок начин. По

[35] https://en.wikipedia.org/wiki/Third_Way#:~:text=The%20Third%20Way%20is%20a,with%20centre%2Dleft%20social%20policies – 23.7.2022

потпишувањето на Дејтонскиот договор од декември 1995 година, Народна Република Кина се воздржува од гласање во Советот за безбедност на Обединетите нации, и на тој начин со тешко срце го отвора патот на НАТО за воена интервенција. Нешто слично се случи и во 1998 година со започнување на конфликтот во Косово. Народна Република Кина тогаш изјави дека не сака да се меша во внатрешните работи на тогашна Југославија и се спротивстави на какво било мешање на Советот за безбедност на Обединетите нации, сметајќи ги косовските Албанци за сепаратисти и терористи. Беше против воздушната агресија на НАТО врз Југославија во 1999 година. Поточно Кина стравуваше дека и самата таа би можела да стане жртва на агресијата, и се чинеше дека сака да се сконцентрира на себе си и да ја преиспита својата улога во активните меѓународни односи.

Европските членки на НАТО беа постојано под можни предупредувања и закани, се чинеше дека Соединетите Американски Држави сакаат да го искористат конфликтот и да направат реконструкција на Европската Унија. Кон Германија беше упатена порака дека го нарушила светскиот поредок. Откако беше бомбардирана амбасадата на Народна Република Кина во Белград на 7 мај 1999 година, во Кина беа организирани масовни протести пред амбасадите на Соединетите Американски Држави и Велика Британија и беше нападнат и германскиот генерален конзулат во градот Гунагжу на југот на Кина. Германскиот канцелар Герхард Шредер оствари официјална посета на Кина, при што го истакна своето жалење за акциите на НАТО и упати извинување во името на алијансата. На средбата беше одлучено дека Советот за безбедност на Обединетите нации треба да најде политичко решение за оваа состојба и дека Кина и Германија сакаат да ги продолжат нивните пријателски односи.

Според Кина нападите на НАТО над Југославија беа напади на НАТО под водство на Соединетите Американски Држави, дури и сојузниците од Европа беа губитници од оваа акција. Декларацијата од Вашингтон од април 1999 година и новиот стратегиски концепт на НАТО, според Кина, претставуваа средство со кое европските партнерите на НАТО би се бореле таму каде што Соединетите Американски Држави имаат свои интереси, а онаму каде што немаат сојузниците

да се борат сами за себе. Оттука потекнува и желбата на европејците да се обединат во нов нивен сојуз.

Уште во времето пред војната во Косово постоеше потреба за создавањето одбранбен систем на ниво на Европа. Во 1996 година беше одржан француско-германски самит на кој повторно беше разработувана таа идеја. Западноевропската унија (WEU)[36] ги истражуваше воените способности и капацитети на своите членки, исто така ја разгледуваше сопствената инфраструктура, која што беше прилично ограничена. Беше неопходна одбранбена подготвеност на земјите членки и поради таа цел, во 1999 година Белгија и Италија побараат дефинирање на „критериуми за конвергенција“. Тие беа неопходни со цел поттикнување на земјите членки да ги подобрат своите капацитети во случај на брзо распоредување.

До почетокот на 2001 година, Соединетите Американски Држави сѐ повеќе и повеќе ја гледаа Кина како конкурент наместо партнер. Како резултат на тоа, проектите за ракетна одбрана на Вашингтон, имаа силно влијание врз Европа, од која се бараше да заземе став. Меѓутоа во тој момент, ниту Европската Унија, ниту нејзините земји членки не беа одлучни во однос на Националната ракетна одбрана (NMD). Но се дебатираше за позитивноста на трансатлантски дијалог околу техничкото и стратешкото учество на NMD. Од 2002 година моќта се пренесе на Пекинг, а тоа дополнително ги затегна односите помеѓу Соединетите Американски Држави и Народна Република Кина. Таквиот развој на настаните би можел да ја расклати регионалната безбедност, а Европската Унија да ја доведе во уште поголема недоумица.[37]

На 13 декември 2007 година, дваесет и седум земји членки го потпишаа Договорот од Лисабон. Создавањето нов договор е резултат на многуте предизвици со кои се соочува Европа во 21 век, како што се економска криза, одржлив развој,

---

[36] WEU е поранешна асоцијација која датира од 1955 година. Нејзиниот состав го сочинуваа 10 земји (Белгија, Франција, Германија, Грција, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија, Шпанија и Обединетото Кралство). Нејзина главна задача беше координацијата на прашањата од областа на европската безбедност и одбрана. Одигра значајна улога во создавањето на Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) и дејствуваше во соработка со истата. Престана да постои 2011 година. (https://www.britannica.com/topic/Western-European-Union - 19.03.2022.)

[37] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 23-30.

климатски промени, енергетска сигурност и борбата со меѓународниот прекугреничен криминал. Овој договор ѝ овозможува на Европската Унија донесување одлуки на европско ниво, како и можност со единствен глас да се зборува во светот.[38]

## III. КАКВА Е УЛОГАТА НА ХОНГ КОНГ, МАКАО И ТАЈВАН ВО КИНЕСКО-ЕВРОПСКИТЕ ОДНОСИ?

### *1. Историски факти за Хонг Конг и Макао*

Во 1997 година, Велика Британија го предаде Хонг Конг на Народна Република Кина, две години подоцна во 1999 година, истото се случува со Макао од страна на Португалија. Ова примопредавање го означува крајот на еден период и почеток на нов период во кинеско-европските односи. Долги низи преговори, билатерални договори и транзициски периоди доведоа до овие два настани. Врз основа на договори, овие две територии стануваат Посебни административни региони (SAR), а иднината на концептот „една земја, два системи“ е неизвесна. Од тука произлегува прашањето, дали тие територии се средство или обврска во односите помеѓу Народна Република Кина и Европската Унија?[39]

На 26 септември 1984 година започна двегодишниот период на преговори со цел да се постигне заеднички договор за иднината на Хонг Конг, кој што бил британска колонија речиси 150 години. Преговорите ги започнаа британскиот амбасадор во Народна Република Кина Ричард Еванс и кинескиот заменик-министер за надворешни работи Џо Нан. Со овој договор во 1997 година беше предвидено враќањето на суверенитетот на Хонг Конг.

Хонг Конг станува британска колонија во деветнаесеттиот век по неколку договори помеѓу Британија и владата на Кина. Во 1842 година со Договорот од Нанџинг, Хонг Конг беше засекогаш предаден на Британија. Најголемиот понижувачки пораз Кина го доживеала во текот на опиумската војна (1839-1942),

[38] https://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Vasiot%20priracnik%20za%20Dogovorot%20od%20Lisabon(2).pdf – 14.8.2022.

[39] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 108.

кога Велика Британија ѝ го наметнала токму овој Договор од Нанџинг, оставајќи ја Кина со празни раце. Ја претворила во полуколонија и така започнал векот на агресија. Биле отворени трговски пристаништа по должината на брегот и по должината на реката Јангце, биле формирани странски населби на местата на постоечки кинески градови и истите имале своја конзуларна јурисдикција. Кина го изгубила своето право на контрола и наплата на сопствени царини и не можела да го регулира влезот на странски бродови во внатрешните водни патишта.[40] Со наредниот договор од 1898 година, Британија добива право на користење на островот на деведесет и девет години. Во текот на тој период, економијата на британската колонија доживеа голем развој, Хонг Конг станал еден од најголемите трговски центри во светот, а денес зазема посебно место во меѓународната трговска заедница.

Но, во 1970-тите години, како што се приближуваше датумот на престанок на договорот, така растеше британската неизвесност и загриженост во однос на иднината на Хонг Конг. Загриженоста беше присутна и кај неговите жители и кај странските инвеститори. Со истекот на договорот во 1997 година, постоеше страв дека странските инвестиции во голема мерка ќе бидат запрени. Меѓутоа договорот го предвидуваше следното: на 1 јули 1997 година Хонг Конг да стане „Посебен административен регион на Народна Република Кина“ (SAR). И покрај тоа што Хонг Конг ќе биде под суверена контрола на Народна Република Кина, неговото слободно пристаниште, меѓународниот банкарски систем, како и неговиот девизен пазар ќе останат непроменети.[41]

Макао е втората колонија, која беше вратена на кинескиот суверенитет во 1999 година. Поранешната колонија на Португалија има некои сличности со Хонг Конг, но и многу фундаментални историски, политички и економски разлики. Во шеснаесеттиот век Португалците стигнале до Макао како бродоломени морнари и потоа оттука воспоставиле база за трговија со Кина. Португалците постепено ги проширувале своите активности и стекнале контрола над Макао. Во 1840-тите

[40] Joseph, William A., *Politics in China*, second edition, Oxford University Press, New York, 2014. стр. 44.

[41] https://digitalcommons.lmu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1071&context=ilr – 26.03.2022

години, со падот на династијата Кинг, Португалија воспоставила целосна колонијална контрола над Макао.

Во 1974 година, Португалија станува демократска држава и постепено се откажува од своите колонии. Во 1987 година помеѓу Кина и Португалија постигнат е договор за враќање на Макао на 20 декември 1999 година. Како и Хонг Конг, Макао има закон во форма на свој мал устав кој му дава голема автономија, освен во однос на одбраната и надворешните работи. Меѓутоа, владата на Макао е подредена на онаа на Народна Република Кина.

Сепак, политичкиот систем на Макао повеќе наликува на оној на Народна Република Кина, отколку на политичкиот систем на Хонг Конг. Како и Хонг Конг, Макао е „Посебен административен регион на Народна Република Кина" (SAR), има администрација предводена од извршна власт која има доминанта улога во законодавниот дом и мнозинство од членови ориентирани кон Пекинг. Иако беа одржани некои протести на работничката класа, сепак граѓанското општество во Макао е релативно мало, слабо и неефикасно во споредба со она во Хонг Конг, а постои и недостаток од независни медиуми кои би ја критикувале администрацијата.

Она што е карактеристично за Макао е важноста на „казино капитализам" во економијата и политиката на Макао. За време на португалската колонијална ера, Макао стана едно од главните засолништа за коцкање. Во текот на 1990-тите години доживеа силна експанзија и трансформација со оглед на растот на туризмот и голем број странски инвестиции во индустријата за коцкање, а денес е светски центар на најголемите казина и приходите од коцкањето ги надминуваат оние во Лас Вегас и Атлантик Сити, Њу Џерси, заедно.[42]

За време на Втората светска војна Хонг Конг поради производството многу напредуваше, додека Макао стана негово прибежиште за одмор и рекреација. Но и покрај сето свое богатство Хонг Конг не ја поседуваше онаа културна атмосфера на Макао која што му беше својствена. Во почетокот на 1980-тите години, со цел да

[42] Joseph, William A., *Politics in China*, second edition, Oxford University Press, New York, 2014. стр. 454-455.

им оддаде признание на Хонг Конг и Макао за нивниот развој и потенцијал, Народна Република Кина ги лоцираше на копно градовите кои доживуваа економски раст во нивна сенка, Шенжен за Хонг Конг и Жухаи за Макао. На тој начин, кога Народна Република Кина одлучи да го врати Хонг Конг, беше јасно дека билатералните преговори водеа кон усвојување на Заедничката декларација и Основниот закон и за Хонг Конг и за Макао.

Сепак, преодниот период на Макао беше многу подолг од оној на Хонг Конг, и потпишувањето на Заедничката декларација не беше негов почеток, туку започна порано во 1966/67 година со прекинување на суверенитетот на Португалија. За на крај да доведе до концептот „една земја, два системи“.[43]

## 2. *Современи фактори кои влијаат врз улогата на Хонг Конг и Макао во кинеско-европските односи*

Заедничката декларација и Основниот закон за Хонг Конг и за Макао се особено значајни за одржување и развивање на улогата на Хонг Конг и Макао во кинеско-европските односи, имајќи го предвид создавањето на рамка за владеење на правото во однос на социјални, политички и економски прашања. Голем дел од прашањата се поврзани со наследство на екстратериторијалноста на двете територии, односно обврските од договорите, културата, идентитетот, заеднички и спротивставени интереси, како и нивната улога на меѓународна сцена како Посебни административни региони (SAR) во составот на Народна Република Кина.

Концептот „една земја, два системи“ е голем предизвик за граѓаните на Хонг Конг и Макао, со оглед на фактот дека скоро педесет години без значајни промени живеат во автономија. Од друга страна пак, Народна Република Кина мора да го прилагоди својот државен систем на транснационализмот и глобализацијата, како и одговорностите кои што произлегуваат од членството во наднационалните институции.

## 3. *Политички и социјални прашања*

[43] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 112-113.

Прекинувањето на колонијалните врски со европските земји не треба да ја загрози иднината на Хонг Конг и Макао. Народна Република Кина доколку успее да ја комбинира стабилноста со политичко-економските промени на копното, во тој случај не треба да постои опасност од нарушување на политичките ривалства што би можеле да се појават во Хонг Конг или во Макао, а со тоа да се нарушат и европските интереси.

Во спротивно, социјална, политичка или економска нестабилност на копното, која што би се одразила и на Хонг Конг и Макао, неизбежно би ги вовлекла и двете европски страни. Во тој случај, двете европски страни би зазеле унифициран став преку Европската Унија и преку заеднички меѓународен притисок да ги решат прашањата кои довеле до нестабилност. Во нивните билатерални договори одговорот од Европската Унија не беше предвиден, но тој е безусловен во развојот на успешна интеграција во Европската Унија. Дали тој европски институционален одговор ќе се постигне зависи од сегашното ниво на интеграција во Унијата.[44]

Тајван е исто така потенцијален фактор кој може да влијае врз односите меѓу Хонг Конг, Макао и Народна Република Кина, а меѓу другото и на кинеско-европските односи. Тајван има голема католичка заедница и на тој начин ги негува дипломатските односи со Ватикан. Тоа е силен хендикеп во дипломатските односи помеѓу Народна Република Кина и Ватикан, а на тој начин и во нецелосната комуникација на Ватикан со Хонг Конг и Макао. Ова беше јасно кога на папата му беше забрането да ги посети регионите во 1999 година кои беа дел од неговата посета на Источна и Југоисточна Азија. Народна Република Кина бара од Ватикан да се откаже од својата врска со Тајван, со цел да се воспостават формални дипломатски односи со копното, каде што исто така има голема католичка заедница.

Забраната за посета на папата во 1999 година беше очекувана со оглед на фактот дека католичкиот кардинал во Хонг Конг не успеа да се вклучи во владиниот советодавен систем и покрај големиот број католички приврзаници. Таа позиција ја доби англискиот бискуп без оглед на фактот што е релативно мало

[44] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 113-114.

присуството на англиската црква. Следствено, англиската црква својот статус во Хонг Конг го надгради од епархија во провинција и тоа е поважно од присуството на англиканизмот во светот и истовремено ја негуваше англиската епархија во Макао. И покрај тоа што двете цркви се доказ за странското империјалистичко наследство на двете територии, тие повеќе се обврска отколку предност во улогата на Хонг Конг и Макао во односите помеѓу Европа и Кина, бидејќи иселените свештеници се заменети со нивните локални колеги кои се пример за идеолошка и институционална алтернатива на копното. Но сепак, улогата на двете цркви е особено значителна за промовирање на добрите односи помеѓу Кина и Европа и таа улога се заснова на нивниот долгогодишен придонес во образованието во Хонг Конг и Макао. Одличниот образовен систем даде одлични студенти кои се видно истакнати во сегашното раководство на владата и во голем број различни професии.

Историски гледано, католичката црква има силно влијание во Макао, под водство на језуитите.[45] Тие неколку векови биле главни посредници помеѓу кинеската и европската култура и интензивно вклучени во образованието, а за тоа сведочи и основањето на првиот универзитет во западен стил во Источна Азија. Црквата била многу значајна за подготвување на новите генерации кои треба да го разберат специфичниот идентитет на Макао, како и неговите врски со Европа. Католичката црква пред себе го имала предизвикот со враќањето на Макао, кинеските власти биле загрижени за влијанието кое таа би можела да го има врз католиците на копно, со оглед на нејзината организираност и способност да пружи отпор на какво било кршење на основните права и слободи на луѓето.

Етничката припадност, националноста и идентитетот се прашања кои исто така можат да имаат силно влијание врз улогата на Хонг Конг и Макао во односите помеѓу Кина и Европа. Населението во двата региони е претежно кинеско. Но и покрај тоа, граѓаните на Макао ги уживаа сите бенефиции и поседуваа португалско државјанство, бидејќи Макао се сметаше за прекуокеанска провинција на Португалија. Поради тоа, нивните соседи од Хонг Конг им завидуваа. Од 1981

[45] https://www.jesuits.org/about-us/the-jesuits/ - 09.04.2022

година во сила беше Законот за државјанство, според кој секој што е роден на територијата на Макао автоматски добива португалско државјанство. Тие имаа право на престој во Европската Унија и во Обединетото Кралство и законско право на конзуларна заштита од Португалија и од другите земји членки на Унијата. Во однос на ова прашање кинеско-португалските преговори остануваат нерешени, Народна Република Кина овие граѓани ги смета за кинески државјани и не го признава нивното португалско државјанство, а особено се противи на конзуларната заштита. Ова може да предизвика тензија на релација Европска Унија и Народна Република Кина.

Во 1960-тите години, Британија се соочи со прилив на многу пристигнувања од нејзините колонијални држави и тоа доведе до заострување на законите со кои се регулира правото на целосно британско државјанство. Со цел одржување на економијата со ниски плати и ниски инвестиции, Британија мораше да се соочи со прилив на работна сила. Ретроцесијата на Хонг Конг ги промени законите за државјанство, многумина добија пасоши, но без право на престој во Обединетото Кралство. Но кога во 1989 година демократското движење во Народна Република Кина беше задушено, дојде до одлив на мозоци поради ниското ниво на доверба во Хонг Конг. Тогаш Британија направи измени во својот закон со кој граѓаните на Хонг Конг можат да уживаат потполно право на државјанство и престој во Обединетото Кралство и земјите членки на Европската Унија.[46]

*4. Политико-економски и правни прашања*

Од крајот на Втората светка војна па до моментот на враќање на Кина, во Хонг Конг пристигнуваат голем број бегалци, претприемачката економија доживува пад, но прераснува во производствена база. Народна Република Кина усвои политика на реформи и отворање кон светот, а Хонг Конг стана најголемиот корисник. Хонг Конг ја преуреди својата домашна економија, прерасна во главен пазар на капитал и регионално корпоративно седиште. Потоа во 1998 година, кога економската криза во регионот се одрази и на Хонг Конг, тој веќе беше дел од

[46] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 116-120.

Кина, и со оглед на тоа што повеќе не беше главна производствена база, се ограничи на својата улога како стопанска економија.

Во период од две децении, односите помеѓу Хонг Конг и Европската Унија се одвиваа првенствено врз трговијата која што беше во пораст, инвестиции, како и врски со другите земји членки, Обединетото Кралство стана најголем акционер во Хонг Конг, и во меѓувреме доби значителна улога во Европската Унија.

И додека Обединетото Кралство остана суверена сила, Хонг Конг полека стануваше автономен и тоа во многу сфери на управување, а политичките и економските лидери се пренасочија кон локалните елити, при тоа оддалечувајќи се од елитите кои се иселуваа. И додека британските конгломерати можеа да придонесат и да остварат профит од улогата на Хонг Конг во модернизација на Кина, тоа го направија заедно со групи кои беа под контрола на кинески претприемачи.

Улогата што Хонг Конг ја имаше во надворешните односи на Кина се одрази во развојот на делтата на реката Жу, Специјалната економска зона Шенжен, а подоцна и Пекинг, Шангај, Гунагжу и Вухан. Додека не се подобри транспортот и комуникациите на копното, Хонг Конг беше портата за влез во Кина. Се увезуваше и извезување преку Хонг Конг, а за тоа беа заслужни меѓународните компании кои отворија свои регионални центри во Хонг Конг. На тој начин, Хонг Конг беше посредник во односите помеѓу Кина и Европа и тоа најдобро се одразуваше во трговијата со ткаена облека и трикотажа. Хонг Конг имаше договорени квоти на меѓународно ниво и тргуваше со внатрешните извозници од копното. Тие пак ги следеа модните трендови во Европа, поточно Милано и Парис и остваруваа контакт со купувачите од Европа со кои се состануваа во Хонг Конг.

Овој вид на посредство се остваруваше дури и во производствени сектори. Сите пропратни елементи, како што се права на интелектуална сопственост, контрола на квалитет, датуми за испорака, банкарски трансакции, сето тоа се одвиваше преку Хонг Конг, кој што им овозможуваше пристап на купувачите од копно до европскиот, американскиот и другите светски пазари.

Во 1999 година меѓу трговските партнери на Хонг Конг, во однос на вкупната вредност на трговската размена беа, Обединетото Кралство, Германија, Франција, Италија, Холандија, Белгија, Луксембург, Шпанија, Макао и Данска. Во целина, Европската Унија беше треторангирана со 12,5 % од вкупната трговија на Хонг Конг, пред неа беше Народна Република Кина со 38,6 % и Соединетите Американски Држави со 15,3 %. Оттука се гледа важноста во трговијата на двата Посебни административни региони, Макао и особено на Хонг Конг. Во кинеско-европските односи особено е значаен зголемениот обем на реекспортот преку Хонг Конг за кој сведочат бројките, така што реекспортот на стоки со потекло од Европската Унија во копното во 1978 година изнесуваше 18 милиони хонгконшки долари, за да во 1998 година се зголеми на 47 милијарди хонгконшки долари.

Имено, локацијата на Хонг Конг е од голем интерес за Европската Унија. Во 1998 година, голем број европски компании имаа свои регионални канцеларии во Хонг Конг, како што се банки, авиокомпании, осигурителни компании, превозни компании, телекомуникациски компании, градежни компании, нафтени компании, компании за парфеми, вина и алкохолни пијалаци.

Исто така, Европската Унија е важен извор на инвестиции и особено значајна за економијата на Хонг Конг, во производствениот и во непроизводствениот сектор. Во 1997 година, во областа на непроизводствениот сектор Европската Унија беше најголем извор на инвестиции, а меѓу земјите членки, Обединетото Кралство имаше најголем удел во економијата на Хонг Конг со 27 %. Во производствениот сектор, Европската Унија беше трета по бројот на странски инвестиции, а како најголем инвеститор повторно се истакнува Обединетото Кралство со 40 %, а зад него се Холандија со 37 % и Германија со 7 %.

Овие податоци сведочат за обемот на економската улога на Хонг Конг во односите помеѓу Народна Република Кина и Европската Унија, а зголемувањето на економските врски има и политичка улога. Таа се гледа во постигнување и одржување на стандард во трговските односи, преку донесување на правно обврзувачки договори, усвојување на обврските од меѓународните конвенции, усвојување на правата на работниците, како и на правата на интелектуална

сопственост. Во овој контекст, допрва треба да се работи на остварување напредок кој зависи и од извршувањето на пресудите на странските судови што ќе придонесе за политичко-правен развој.[47]

Од Втората светска војна, развојот на економијата на Макао беше под силно влијание на економијата на Хонг Конг. Раните 1960-ти години беа обележани со развојот на коцкањето и туризмот, а капиталот на Хонг Конг имаше голем удел во тоа, бидејќи коцкарите главно доаѓаат од таму. Коцкањето стана столб на економијата и стимул за развојот на туризмот и транспортот и зголемувањето на јавните приходи, а со тоа се создаваше поволна средина за странски инвестиции.

Во почетокот на 1970-тите години, доминантна улога имаше индустријализацијата како и промоцијата на извозот. Најголем дел од инвестициите во индустријата доаѓаа од Хонг Конг, претежно беа фирми за текстил и облека, кои својот производствен капацитет го преселија во Макао поради ниските трошоци, и пред сè поради неискористените извозни квоти на Макао на пазарите во Европската економска заедница и Соединетите Американски Држави. Ова доведе до силен економски раст, а Европската економска заедница беше најважен извозен пазар на Макао.

Во доцните 1980-ти настапи период на деиндустријализацијата како последица на миграцијата на индустриите во делтата на реката Жу во континентална Кина. Со повлекувањето на капиталот на Хонг Конг, заврши ерата на Макао како извозна зона, а со тоа и симбиотската врска со Хонг Конг.

Крајот на оваа симбиотска врска се совпаѓа со двата политички процеси на транзиција, враќањето на Хонг Конг и Макао на Кина. Лисабон се обидуваше да ги раздвои двата процеси, нагласувајќи ја разликата помеѓу нив и хармоничноста во односите со Пекинг. Поради зголемената тензија помеѓу Лондон и Пекинг, се очекуваше Макао да добие поволен третман во преговорите. Овој недостаток на координација и соработка помеѓу Португалија и Обединетото Кралство во управувањето со транзициските процеси, за Европската Унија беа прашања од

---

[47] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 121-126.

билатерален карактер, проблеми со кои требаше да се занимаваат двете земји членки поединечно.

Во 1999 година, меѓу најважните трговски партнери на Макао, Европската Унија зазема трето место со 21,8 % од вкупната трговија на Макао, по Соединетите Американски Држави со 26,8 % и Кина со 21,9 %. Одделно меѓу земјите членки на Европската Унија, Германија беше најважниот трговски партнер на Макао, потоа Обединетото Кралство и Франција, додека трговските односи со Португалија беа пониски и незначителни.

Инаку, трговските текови помеѓу Макао и Европската Унија бележат постепен пад во последните години. Дојде до намалување на извозот во Европската Унија, поради проблеми со пристапот до пазарот и зголемениот протекционизам на Европската Унија и помалку интензивна побарувачка од Европа која е резултат на нискиот економски раст во Европската Унија. Инвестициите на Европската Унија во Макао се многу ограничени, исклучок има во инфраструктурата и банкарството. Во 1999 година, забележано е присуство на шест португалски банки и три банки од други европски земји.

Присуството на инвестициите на Макао во Европа е константно ниско, бележи благ пораст во 1987 година по потпишувањето на кинеско-португалската заедничка декларација,[48] како последица од пристапувањето на Португалија во Европската Унија.

Најважниот момент во односите помеѓу Макао и Европската Унија е потпишувањето на Договорот за трговија и соработка помеѓу Европската Унија и Макао од 1992 година.[49] Тоа, исто така, се должи на португалското претседателство со Европската Унија во првиот семестар од 1992 година. За неговото склучување немаше пречки, со оглед на тензијата помеѓу Европската Унија и Кина по настаните на Тјенанмен и спроведувањето на санкциите на Европската Унија врз

[48] https://treaties.un.org/doc/Publication/UNTS/Volume%201498/volume-1498-I-25805-English.pdf - 17.04.2022

[49] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=uriserv%3AOJ.L_.1992.404.01.0027.01.ENG – 17.04.2022

Кина. Европската Унија сакаше да му помогне на Макао и затоа не изненадува клаузулата за демократија и човекови права како дел од договорот.

Овој договор е силна порака за признавањето на автономијата и посебниот идентитет на Макао од страна на Европската Унија, како и за зајакнување на меѓународниот статус на Макао, затоа и претставува најзначаен меѓународен договор потпишан од Макао. Но во однос на зајакнувањето на економските и политиките односи помеѓу Макао и Европската Унија, спроведувањето на овој договор не даде значителни позитивни резултати.

Правниот систем на Макао се разликува од правниот систем на Хонг Конг и континентална Кина со оглед на тоа што се заснова на начелата на системот на Европското континентално право и е клучен фактор за обезбедување автономија на вториот систем во Макао. Тоа се поврзува со моделот на интеграција „една земја, два правни системи“, со оглед на фактот што Кина веќе е интегрирана во светската економија. Меѓутоа, овој правен систем нема социјална поддршка ниту легитимност, тоа се должи на неинформираноста и неучеството на населението на Макао во процесот на донесувањето на законите. Тоа може да доведе до создавање нов правен систем од страна на радикалните структури и ограничување на индивидуалните права на граѓаните на Макао.

Европската Унија и Португалија можат да помогнат во зачувувањето на законските права на Макао. Европската Унија има двоен интерес и стратешки пристап во овој процес. Првиот е автономијата на Макао и зачувување на европското наследство, а вториот е одржување на континентален правен систем во Јужна Кина кој би можел позитивно да придонесе кон правната реформа на Кина и зајакнување на владеењето на правото.[50]

Од 1992 година, со потпишување на Договорот за трговија и соработка помеѓу Европската Унија и Макао, нивните официјални односи континуирано се надградуваат. Економската и трговската канцеларија на Макао која има свое седиште во Брисел постојано работи на негување на тие односи и тоа преку голем

---

[50] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 126-133.

број проекти: „Обука за туристичката индустрија (1999-2001); Европска програмска шема (1999-2001); Програма за развој на услуги (1999-2001); Азија-Инвест програма (2001 и 2002); Програма за правна соработка ЕУ-Макао: прва фаза (2002-2007), фаза втора (2010-2013) и фаза трета (2016-2019); Програма за обука за имиграциски услуги (2006-2007); Програма на ЕУ за бизнис-информативна соработка (2009-2012); Програма за обука за превод и толкување кинеско-португалски (2010-2014); Академската програма на ЕУ (2012-2016); Програма за обука за превод и толкување кинеско-португалски (2013-2016); Соработка за обука за превод и толкување кинеско-португалски (2016-2020); и Хоризонт 2020 (2016-2020). Други заеднички проекти отворени од Макао и Европската Унија беа: Макао-Европскиот центар за напредни туристички студии (ME-CATS) и Институтот за европски студии од Макао.“[51]

### 5. *Европа и Тајван*

Во 1949 година комунистичкото движење на чело со Мао Це Тунг ја презема Кина и воспоставува контрола врз целата територија. Соединетите Американски Држави и неколку држави кои делеа исто мислење не ја признаа власта во Пекинг, тие само ја признаваа некомунистичката влада на Чанг Каи Шек на Тајван. Двете влади беа согласни дека постои една Кина и дека Тајван е дел од неа. Несогласувањата помеѓу Пекинг и Тајпеј беа околу тоа која влада има легитимитет. Поддршката на Тајван од страна на Соединетите Американски Држави траеше повеќе од дваесет години, но во почетокот на 70-тите години доаѓа до промена на политиката во однос на Кина и островот. Пекинг и Вашингтон воспоставија дипломатски односи, при што во кинеската амбасада во Вашингтон пристигнаа дипломати од Пекинг, додека дипломатите од Тајван беа принудени да ги напуштат своите функции. Трговските односи, културните размени како и сите невладини врски и понатаму беа негувани. Тајван формално стана дел од Народна Република

---

[51] https://www.ipim.gov.mo/en/market-information/european-union/macaos-co-operation-relation-with-eu/ - 17.04.2022

Кина, но без меѓународно признание иако контролата на островот и понатаму беше во рацете на владата во Тајпеј.[52]

### *5.1. Почитување на политиката на „една Кина“*

Освен Ватикан, сите останати европски земји воспоставија дипломатски односи со Народна Република Кина, клучен момент беше принципот „една Кина“ на кој сите европски земји се согласија. Тие никогаш не покажале интерес за решавање на прашањето за Тајван, освен Обединетото Кралство кое во 1943 година и 1945 година учествуваше на меѓународни конференции одржани во Каиро и Потсдам. Но, по објавувањето на Соопштението од Шангај[53], Лондон се придружува на ставот на Пекинг дека Тајван е провинција на Народна Република Кина и следствено на тоа го затвора своето конзуларно претставништво во Тамшуи. Како резултат на тоа, Пекинг своите дипломатски врски со Обединетото Кралство ги надградува на амбасадорско ниво.

И затоа, при недостаток на политички план во однос на Тајван, акцентот се става на економската размена помеѓу Европа и Тајван која е во пораст со оглед на започнатиот дијалог во однос на овластената продажба на оружје.

Во 1961 година, Тајпеј побара воспоставување на дипломатски односи со тогашната Европска заедница (ЕЗ). Од шесте земји членки на Европската заедница, четири веќе воспоставија дипломатски врски со Република Кина (Тајван), а тоа се Франција, Италија, Белгија и Луксембург. Но, кога генералот Де Гол го започнува процесот на зближување со Народна Република Кина, Франција става вето на одлуката на Тајпеј да испрати дипломат во своето престапништво во Брисел. Во 1970 година, единствено нешто што успева да го потпише Тајпеј со Европската заедница е текстилен договор. Во 1975 година, Европската комисија дипломатски ја признава Народна Република Кина, а тоа значи и прекин на штотуку започнатиот економски дијалог помеѓу Брисел и Тајпеј.

---

[52] Виоти, Пол Р. и Каупи, Марк В., *Меѓународни односи и светска политика*, Академски печат, Скопје, 2009 год., стр. 166.

[53] https://www.marxists.org/subject/china/peking-review/1972/PR1972-09.pdf - 24.04.2022

Во текот на 1970-тите година, единствено Јапонија и Соединетите Американски Држави одржуваа дипломатски односи со Тајван, тие беа и негови главни трговски партнери. Од друга страна пак, односите помеѓу Тајван и Европа беа засновани само на економски и културни врски, кои што и онака беа помалку значителни.

Кон крајот на 1970-тите години, економскиот расцут на островот ги привлече Европејците, а властите во Тајпеј сакаа својата изолација на светската сцена која што беше во пораст да ја компензираат со проширување на своите трговски односи. Една деценија подоцна, нешто слично се случи и со источноевропските земји, Тајпеј подолго време ја одржуваше забраната да воспостави какви било односи со социјалистичките земји, но десет години пред падот на Берлинскиот ѕид, овој цврст став полека беше либерализиран.

### *5.2. Политичко проширување на растечката трговија помеѓу Тајван и Европа*

Уште во 1960-тите години, Тајван во земјите со кои немаше развиено дипломатски врски, отвори свои организации во кои работеше персонал од Министерството за надворешни работи, но улогата пред сè беше економска. Во Европа, една од главните организации на Тајван, беше Трговската организација Евро-Азија (ЕАТО), основана во 1975 година, која промовираше трговски и економски односи со Европа, таа беше претставена како приватна организација, но всушност беше финансирана од и дејствуваше под надлежност на Министерството за надворешни работи.

Отворањето европски канцеларии на Тајван е позначаен напредок во односите помеѓу Европа и Тајван, со оглед на тоа што европските власти не беа подготвени за институционализација на билатералните односи со Тајпеј. Во 1988 година, во Тајпеј беше основана Европската стопанска комора, со цел промовирање на Европа на островот, но не и како посредник за Брисел.

Кон крајот на 1980-тите и почетокот на 1990-тите години, беше забележано зголемување на контактите и посетите на владините претставници. Официјални лица патува во Тајван, иако нивните посети беа во приватно својство, тие се

среќаваа со своите тајвански колеги, членови на владата. Франција беше првата европска земја која во јануари 1990 година го испрати министерот за индустрија и регионално планирање во посета на Тајван. Дотогаш, ниту една земја која има дипломатски односи со Народна Република Кина не испрати свој претставник во Тајпеј. По ова, следеа посети и на претставници од други европски земји.

Кога е во прашање продажбата на оружје, се чини дека таа во однос на Тајван лесно ги надминува утврдените граници. Освен Соединетите Американски Држави, кои имаа утврдено со закон колкава количина на оружје може да се достави на Тајван, се чини дека и европските земји не се воздржаа од такви зделки, а меѓу нив беа Холандија и Франција. Ова предизвика силни реакции од Народна Република Кина, при што Пекинг побара да се намалат односите со Холандија на ниво на вршител на должност и да се одбие издавањето визи за холандски граѓани. Во однос на француските договори притисокот на Пекинг беше силен. Од своја страна, француското Министерство за надворешни работи издаде Соопштение на 27 септември 1991 година, во кое се објаснува дека продажбата на оружје била исклучиво од трговски цели и дека Франција ја признава владата на Народна Република Кина како единствена легална влада на Кина. Кон крајот на 1992 година, владата на Пекинг издаде наредба за затворање на францускиот конзулат и Француската трговска комисија во Гунагжу. Со овие санкции Франција не само што беше казнета, туку Пекинг имаше за цел да ја спречи во понатамошната продажба на оружје.[54]

По повод триесет годишнината од воспоставување дипломатски односи помеѓу Франција и Народна Република Кина, беше потпишано Заедничко соопштение на 12 јануари 1994 година кое ја надмина кризата помеѓу двете земји. Во соопштението беше наведено дека француската влада нема да ги овластува француските фирми за учество во вооружувањето на Тајван, а друга страна, кинеската влада ги покани француските фирми подеднакво да се натпреваруваат на

[54] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 136-144.

кинескиот пазар. Но и покрај сето тоа, француската продажба на оружје на Тајван и понатаму продолжи.[55]

И покрај фактот што европските фирми имаа можност да се инсталираат на пазарот во Тајван, официјалните односи и понатаму беа решавани преку приватни контакти, а таквите односи го ускратуваа Тајван од гаранциите поврзани со дипломатски и конзуларни претставништва. Визите се одобруваа преку конзулати во трети земји, министрите патуваа во приватни посети и не се потпишуваа договори на ниво на влади.[56]

### *5.3. Растечки иредентизам во Пекинг*

На почетокот на 1990-тите години, Тајпеј на секаков начин се обидуваше да ги официјализира односите со Европа со цел да ја зајакне својата нова надворешна политика. Во 1989 година, Тајпеј го усвојува принципот на двојно признавање, со што новата надворешна политика на Тајпеј се смета како политика на две Кини, која имаше за цел да го доведе Тајпеј заедно со Пекинг во меѓудржавна арена. И повеќе не беше неопходно да се прави разлика помеѓу потрагата за воспоставување дипломатски односи и аспирацијата за полноправно членство во меѓународните организации.

Со распадот на Советскиот Сојуз и Југославија, дипломатската слабост на Тајпеј дојде до израз. Новоформираните мали држави имаа потреба од финансиска помош и градење економски врски кои беа над дипломатските односи, па дури и над меѓусебното признавање. Меѓутоа, значителна економска и финансиска помош, која доаѓаше од Тајпеј, не беше доволна за една земја која имаше огромни потреби да се спротивстави на притисокот на Пекинг. На пример, на 27 јануари 1999 година, Македонија воспоставува официјални дипломатски односи со Тајван, но беа прекинати од страна на Тајпеј. Причината беше јасна, на Македонија ѝ беше неопходна поддршката во Обединетите нации од страна на Народна Република

---

[55] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 147.
[56] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 149.

Кина и токму од таа причина на 18 јуни 2001 година таа ги обновува своите официјални врски со Пекинг.

Со оглед на тоа што Пекинг водеше политика на успешен иредентизам, може да се процени дека сите политики на европските земји во однос на тајванското прашање се креирани исклучиво во перспектива на трговските можности, кои можат да доведат во привремени нарушувања и оптоварувања на односите со Народна Република Кина.

Европскиот парламент во Стразбур, спротивно на сето тоа, заседе политички ставови со кои ја искажа својата загриженост во однос на иднината на Тајван, противејќи се на политиката на Пекинг за „една Кина“. Во 1996 година, силно ја осуди Народна Република Кина за спроведување воени вежби во Тајванскиот теснец што се случи во пресрет на првите претседателски избори на Тајван. На 15 февруари 1996 година, Европскиот парламент ја усвои резолуцијата со која беше побарано од Пекинг да се откаже од употреба на сила против Тајван. На 18 јули 1996 година усвоена е втора резолуција со која се бара поголема застапеност на Тајван во меѓународните организации. Европскиот парламент, меѓу другото вршеше притисок врз Комисијата со цел да се отвори претставништво на Европската Унија во Тајпеј.

Сепак, доколку станува збор само за трговски потреби, Европската Унија треба да даде поттик за развој на политичките проширувања на економските односи, со оглед на недостатокот на вистински политички односи со Тајван. Продажбата на оружје на Тајван треба да биде поттик за заземање заеднички став на ниво на Унијата, која што може да го спречи Пекинг да игра со една земја против друга земја.[57]

---

[57] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 150-153.

# IV. ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Народна Република Кина и Европската Унија се релативно нови економски партнери, тоа се должи пред сè на кинеската економија која по природа е затворена и политички оддалечена од Европа. Во 1978 година беше потпишан прквиот договор помеѓу Кина и тогашната Европска заедница. Овој договор беше заменет со Договорот за трговија и економска соработка помеѓу Европската економска заедница и Народна Република Кина, потпишан 1985 година во Брисел, за промовирање и интензивирање на трговијата помеѓу нив и поттикнување стабилно проширување на економската соработка. Основната цел на договорот беа царинските и тарифните прашања поврзани со пристапот на пазарот.[58]

Овој период го прикажува економското отворање на Кина под водство на економскиот реформатор Денг Сјаопинг, кој во годините по Мао Це Тунг ги водеше економските реформи кои резултираа во пазарна економија,[59] и заживувањето на Европската заедница во почетокот на 80-тите години. Отворањето на Кина, отвори и многу можности на пазарот за Европејците, од друга страна Кина се восхитуваше на економскиот раст на Европа како надворешниот пазар. Од 1978 година, трговијата помеѓу Кина и Европа постојано бележи пораст. Кина многу извезува во Европската Унија, таа е трет по големина пазар за извоз за Кина, пред неа се Соединетите Американски Држави и Јапонија и втор по големина увозник во Кина по Јапонија. Во 2000 година, веднаш по Хонг Конг, Европската Унија беше втор најголем снабдувач на странски директни инвестиции (FDI) во Кина. Со удел од 30 %, Кина е најголем корисник на бруто-домашен производ (GSP) на Европската Унија.

Дури и масакрот на плоштадот Тјенанмен во јуни 1989 година, кога се случи пресвртот во односите со Европа, не ја намали брзината со која се развиваа

58 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:21985A0919(01)&from=it – 26.04.2022

59 https://www.oxfordbibliographies.com/view/document/obo-9780199920082/obo-9780199920082-0064.xml - 29.04.2022

економските односи помеѓу Народна Република Кина и Европската Унија, а тоа беше доказ колку многу е значителен кинескиот пазар за Европа. Борбата за човекови права на западните сили остана во сенка на меѓусебната конкуренција за трговски договори.[60]

Десет години по потпишувањето на првиот трговски договор помеѓу Народна Република Кина и Европската Унија, односите помеѓу нив видно се официјализираа со презентирање на „Соопштението“ за Кина од страна на Европската комисија, наречено „Долгорочна политика за односите помеѓу Кина и Европската Унија“.[61] Овој документ го прикажува напредокот на Кина од 1945 година. Комисијата во него потенцира дека е неопходно Европската Унија да создаде политика кон Кина со цел подобрување на нивниот однос, да се залага за нејзино целосно интегрирање во меѓународните заедници, како и нејзиното членство во Светската трговска заедница, да придонесе за реформи во Кина во однос на економски и социјални прашања и да ги подобри условите за работа на европските бизниси во Кина.[62] Соопштението на Европската комисија од 1998 година, „Градење сеопфатно партнерство со Кина“ отвори можности за преговори околу пристапувањето на Народна Република Кина во Светската трговска организација (СТО), а истата година беше и првиот самит помеѓу Европската Унија и Кина.

Во 1986 година, Народна Република Кина официјално аплицираше за членство во ГАТТ/СТО. На мултилатерално ниво Европската Унија активно го поддржуваше приемот за членство на Кина во Светската трговска заедница, особено откако во 1998 година беше призната како пазарна економија, а во тие преговори за членство голем придонес даде тогашниот еврокомесар Сер Леон Британ. Европската комисија сметаше дека приемот на Кина во Светската трговска

---

[60] Gilson, Julie, *Asia Meets Europe*: Inter-Regionalism and the Asia-Europe Meeting, Edward Elgar, Cheltenham, UK; Northampton, MA, USA, 2002, стр. 73

[61] http://aei.pitt.edu/2784/1/2784.pdf - 28.04.2011

[62] https://www.idee.ceu.es/Portals/0/Publicaciones/Political-Dialogue-in-EU-China-Relations.pdf - 02.05.2022

организација (СТО)[63] би го олеснила деловното работење со Кина во однос на тарифните и нетарифните бариери. Во мај 2000 година во Пекинг, Европската Унија потпиша договор за влез на Кина во Светската трговска заедница, при тоа барајќи околу 50 % од странската сопственост во заеднички вложувања кои се однесуваат на телекомуникациски услуги, потоа зголемен пристап до телекомуникациските и осигурителните индустрии, а меѓу другото и залог дека до 2005 година и двете страни ќе ги отстранат квотите.

Мал дел од АСЕМ[64] го сочинуваат односите помеѓу Кина и Европската Унија, меѓутоа тие претставуваат еден вид меѓурегионален форум за зајакнување, но не и замена за билатерални односи. АСЕМ е корисен и за Европската Унија и за Кина, додека на Европската Унија ѝ овозможува да се спротивстави на трговски бариери наметнати од страна на Кина и остатокот од Азија, за Кина АСЕМ е средство да се промовираат инвестициите во странство. АСЕМ е форум кој ги следи нивните билатерални односи.[65]

Во периодот кога европската интеграција го достигна своето продлабочување во 1980-тите и 1990-тите, политиката на економски реформи стави силен печат на развојот на Кина. Имајќи го предвид процесот на економски раст на Кина од 1978 година, Народна Република Кина со право се смета како една од најбрзо растечките нации. Од 1978 до 1995 година, официјалните бројки во Кина забележаа раст на БДП од 8 % по глава на жител. Сепак, економскиот раст во Кина не беше имун на надворешните економски движења. Економските и финансиските сектори во Кина се покажаа како доста стабилни во текот на финансиската криза во регионот, но можностите за раст станаа поскромни. Дополнително оптоварување за економските

[63] СТО е трговска организација на светско ниво, која има свои правила. Од 2021 година, таа брои 164 членки и секоја одлука се донесува едногласно. Таа има за цел промовирање послободна трговија со ниски трговски бариери, а членките се должни да се придржуваат до одредени правила. На нив за возврат им се гарантираат подобри договори со другите земји членки на СТО. (https://world101.cfr.org/global-era-issues/trade/what-happened-when-china-joined-wto - 2.7.2022)

[64] Почетоците на Азиско-европски средби (АСЕМ) се од 1996 година. АСЕМ е неформална платформа за дијалог и соработка помеѓу Азија и Европа која соединува 53 партнери од двата континенти. Главната цел на АСЕМ е да обезбеди платформа за поттикнување политички дијалог, зајакнување на економската соработка и заедничко справување со глобалните предизвици. (https://www.eeas.europa.eu/eeas/asia-europe-meeting-asem_en - 08.05.2022)

[65] Gilson, Julie, *Asia Meets Europe*: Inter-Regionalism and the Asia-Europe Meeting, Edward Elgar, Cheltenham, UK; Northampton, MA, USA, 2002, стр. 74

реформи настана со пристапувањето на Кина во Светската трговска организација (СТО) во 2001 година. Клучен момент е проблемот со невработеноста, која официјално во 2000 година изнесуваше 3,1 % во урбаните средини, додека во руралните средини претставуваше уште поголем проблем.

Можните сценарија за иднината на кинеската економија може да бидат различни. Во случај на негативно сценарио, Кина би можела да стане економија со ниски приходи и би се намалило нејзиното присуство на меѓународната сцена. Трговските односи би можеле да станат тензични, сиромаштијата би можела да расте и разликите во приходите би можеле да создадат поголем јаз меѓу различно развиените провинции. На тој начин, внатрешната стабилност на земјата би можела сериозно да биде нарушена. Во случај на позитивно сценарио, Кина ќе стане модерна трговска нација и втора по големина во светот. Борбата против сиромаштијата ќе биде поуспешна, инвестициите за подобрување на квалитетот на животот ќе се зголемат, а мерките за заштита на животната средина ќе се продлабочат. Институциите и владеењето на правото, на тој начин ќе бидат постабилни.[66]

Во изминатите четири години, Европската Унија и Народна Република Кина многу се изменија. Европската Унија денес ја сочинуваат дваесет и осум земји членки, додека Народна Република Кина претставува втора по големина економија во светот. Шеесет годишните билатералните дијалози помеѓу Пекинг и Брисел се воделе во однос на најразлични области, како што се образование, наука, култура, просторно планирање, гастрономија, технологија, млади, интелектуална сопственост и одржлив развој. Од нивните заеднички проекти создадена е Меѓународната бизнис школа Кина – Европа (CEIBS), основата од кинеската влада и Европската Унија во 1994 година при Универзитетот во Шангај, која е посветена на едукацијата на лидерите од кинеската влада, како и оние од Европската Унија.[67]

Меѓутоа, нивниот однос генерално се однесувал на трговијата. Од 1995 до 2013 година, увозот на Европската Унија од Кина се зголемил за единаесет пати, а

[66] Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002, стр. 68
[67] https://www.ceibs.edu/introduction-ceibs - 3.7.2022.

извозот за 10,5 пати. Денес, Народна Република Кина е вториот најголем трговски партнер на Европската Унија, по Соединетите Американски Држави. Кина многу се отвори за трговија по пристапувањето во Светската трговска организација во 2001 година.

Голем број извештаи се објавени од страна на Кина во кои се дефинираат нејзините односи со Европската Унија. Извештајот од 2014 година „Продлабочи го сеопфатното стратешко партнерство Кина-ЕУ за взаемна корист и Win-Win соработка“, се однесуваше на следниот период од десет години, особено во однос на Кина во меѓународен и национален контекст. Во извештајот има повеќе точки на договор отколку спротивставености, што подразбира посилно развивање на соработката и зајакнување на меѓусебните интереси. Мотивот на Кина е економски и при подготовката на извештајот јасно беа поставени темелите за договор за слободна економија. Додека Брисел избегнува директни разговори за таков договор, очигледно е дека Пекинг прави некои отстапки, како услов за повеќе трансфери на технологија и стекнување поголем пристап до европските пазари. Кина смета дека доколку двете страни се почитуваат и тргуваат на конструктивен начин, тогаш нема оправдана причина да не се работи заедно.

Кога поранешниот премиер на Луксембург, Жан-Клод Јункер, кон крајот на 2014 година стана претседател на Европската комисија, односите помеѓу Европската Унија и Народна Република Кина тргнаа кон подобро. Годините пред тоа, од 2010 до 2014 година, односите беа нарушени со низа трговски спорови, за соларни панели и за телекомуникации. Во однос на телекомуникациите, еврокомесарот за трговија, Белгиецот Карел де Гухт водеше антикинеска кампања, отстапувајќи од тој став само неколку дена пред престанокот на неговата функција во октомври 2014 година. Тој ги осуди кинеските банки кои даваа нееднаква помош на кинеските производители на телекомуникациска опрема Huawei и ZTE, кои пак своите производи ги пласираа на странските пазари по పониска цена од цената на производство. Кинеските цени беа за 18% пониски од цените на европските производители. Во периодот од 2006 до 2014 година, уделот на Huawei на

европскиот пазар се зголеми од 2,5% на 25%, благодарение на помошта од кинеската влада.

Во однос на надоместокот за дампинг, помеѓу Брисел и Пекинг постигнат е договор за одредување минимална цена за продажба за соларни панели. Во пролетта 2014 година, историската посета на претседателот Си Ѕинпинг на Брисел, придонесе кон напуштање на критичкиот став на Европската комисија.

На 1 април 2014 година, кинескиот претседател Си Ѕинпинг при својата посета на Брисел, одржа говор на Колеџот на Европа во Бриж, истакнувајќи дека Кина и Европа иако се географски далеку, се чувствуваат како соседи и нивните односи се соочуваат со голем број можности и предизвици. Тој истакна дека Кина сака да изгради мост на пријателство и соработка низ евроазискиот континент, мост кој ќе се темели на четири столба, мир, раст, реформи и напредок на цивилизацијата и нивното стратешко партнерство ќе има поголемо глобално значење. Неговиот говор во однос на четирите столба:

*„Ние треба да изградиме мост на мирот и стабилноста, поврзувајќи ги двете јаки сили на Кина и ЕУ. Заедно, Кина и ЕУ сочинуваат една десеттина од вкупната површина на земјата, и претставуваат една четвртина од светското население. Заедно имаме три постојани места во Советот за безбедност на Обединетите нации. На сите ни е потребен мир, мултилатералност и дијалог, наместо војна, унилатералност и конфронтација. Ние треба да ја подобриме комуникацијата и координацијата за глобалните прашања и да играме клучна улога во зачувувањето на светскиот мир и стабилност. Културата може да се шири, па така и мирниот развој. Кина е подготвена да работи со ЕУ за да дозволи сончевата светлина на мирот да ја оддалечи сенката на војната, и огнот на просперитетот да ја загрее глобалната економија во студената рана пролет, и да му овозможи на целото човештво да тргне по патот на мирен развој и взаемно корисна соработка.*

*Ние треба да изградиме мост на раст и просперитет што ги поврзува двата големи пазари на Кина и Европа. Кина и Европа се двете најважни економии во светот, кои сочинуваат една третина од глобалната економија. Ние мора да ги поддржиме отворените пазари, да ги забрзаме преговорите за договори за инвестиции, проактивно да ја истражиме можноста за слободна трговска зона, и да настојуваме да постигнеме амбициозна цел*

*доведувајќи ја билатералната трговија до 1 трилион американски долари до 2020 година. Ние исто така треба да бараме да се комбинира соработката Кина-ЕУ со иницијативата за развој на Економскиот појас на патот на свилата, со цел да се интегрира пазарот на Азија и Европа, да се поттикне народот, бизнисите, капиталот и технологиите на Азија и Европа и да се направат Кина и ЕУ двојни мотори за глобалниот економски раст.*

*Ние треба да изградиме мост на реформи и напредок, поврзувајќи го напредокот на реформите во Кина и во ЕУ. И Кина и ЕУ спроведуваат реформи кои се без преседан во историјата на човештвото и пловат по непознати води. Ние треба да го подобриме дијалогот и соработката на макроекономијата, јавната политика, регионалниот развој, руралниот развој, социјалната помош и други области. Ние треба да ги почитуваме меѓусебните реформски патишта, да се осврнеме на меѓусебните реформски искуства, и да го промовираме светскиот развој и напредок преку нашите реформски напори.*

*Ние треба да изградиме мост на заеднички културен просперитет поврзувајќи ги двете главни цивилизации на Кина и Европа. Кина ја претставува на важен начин Источната цивилизација, додека Европа е родното место на Западната цивилизација. Кинезите го сакаат чајот, а Белгијците го сакаат пивото. Според мене, умерен пијач на чај и страстен љубител на пиво претставуваат два начина за разбирање на животот и познавањето на светот, и јас ги сметам за подеднакво наградени. Кога добри пријатели се заедно, тие може да сакаат да пијат до максимум за да го покажат своето пријателство. Тие исто така може да изберат да седат тивко и да пијат чај додека разговараат за нивните животи. Во Кина ние го вреднуваме нашиот идеал „хармонија без еднаквост“. А овде во ЕУ луѓето ја нагласуваат потребата да бидат „обединети во различноста“. Дозволете ни да работиме заедно за сите цвеќиња на човековата цивилизација да цветаат заедно.“*[68]

Напорите Пекинг да се усогласи со другата страна не беа доволно убедливи и во билатералната трговска размена, дефицитот порасна на 137,8 милијарди евра во корист на Кина, која во 2014 година и не беше главниот снабдувач на Европската Унија. Од друга страна, многу странски компании се соочуваат со тешкотии при водењето бизнис во Кина. Стопанската комора на Европската Унија со седиште во Кина, речиси цела деценија, апелира на отежнатиот пристап на европските

[68] Jinping, Xi, *The Governance of China*, Foreign Languages Press Co. Ltd, Beijing, China, 2014, стр. 309-310.

претпријатија на пазарот во Кина, на кои се наметнати несразмерни рестриктивни правила. Поранешниот претседател на комората Дејвид Кучино смета дека кинеската идеологија ги третира со поинаков режим странските претпријатија. Се врши внимателна проверка на странските фирми во рамките на антикорупциска кампања која ја води кинеската влада. Тоа се случува во фармацевтскиот, земјоделскиот и прехранбениот сектор. Иако Кина настојува да преговара за сеопфатен договор за инвестиции (CAI) со Европската Унија, не сака тоа да се интегрира во идејата за пристап до пазарот. Кина јасно се стреми за формализирање на билатерален договор за инвестиции со Европската Унија и тоа е ретка можност за Европската Унија да преговара за поголем пристап на пазарот во време кога кинеските компании настојуваат да склучат силен договор за инвестирање во Европската Унија.[69]

*1. Како гласот на Пекинг „допре“ до Брисел*

Кина одржува професионални односи со јавност. Во 2008 година, висок кинески дипломат, за време на неговиот мандат во кинеското претставништво во Европската Унија, изјави дека неговата работа се состои од „отстранување на нагазните мини на антикинеските кампањи“ што ги започнаа Европската комисија, Европскиот парламент, националните делегации, и различни групи кои вршат притисок. Како резултат на неговата изјава, додека неговите колеги во европските метрополи уживаа на коктел забавите и општествените функции, неговата работа се сведуваше на сложени работни состаноци во просториите на Европската комисија. Меѓутоа денес кинеската економска мисија, како и сите други амбасади во Брисел, имаат свои професионалци во сите области. Кинескиот печат е застапен во новинската агенција Ксинхуа, CCTV, People's Daily и многу други големи весници и нивните дописниците, повеќе се присутни како „претставници“ или лобисти, кои активно учествуваат на повеќе тркалезни маси во Брисел на кои се дебатира за иднината на кинеско-европските односите.

Поранешниот амбасадор на Европската Унија во Кина, Серж Абу, во 2014 година се пријави како лобист на групацијата Huawei во европските институции.

[69] Le Corre, Philippe и Sepulchre, Alain, *China’s offensive in Europe*, Brookings Institution Press, Washington, D.C. 2016, стр. 11-14

Иако е тоа спротивно на европските интереси, очигледно никој во Европската комисија нема проблем во однос на промената на улогите. Телекомуникациската групација Huawei троши 3 милиони евра на лобирање, вработувајќи голем број европски и американски лобисти и според Регистарот за транспарентност на Европскиот парламент, таа е осма по големина групација во однос на трошоци одвоени за лобирање во Брисел.[70]

*2. Кина во директни односи со Франција и Германија*

Со воспоставувањето дипломатски односи помеѓу Франција и Народна Република Кина, како и во рамките на политиката на „отворени врати“ на претседателот Денг Ксијаопинг, на големите француски претпријатија им се даде посебно место. Тие добија можности за формални кредити во области како што се енергијата (Lyonnaise des Eaux, Framatome), урбаниот транспорт (Alstom), телекомуникациите (Alcatel) и автомобилите (Peugeot Citroën), тоа се договори помеѓу две држави. Одредени паневропски индустриски групи знаеја како да ги користат средствата на различни европски влади, како што се Италија, Германија, Шпанија, Холандија, Белгија, со цел да ги зголемат сопствените инвестиции токму во периодот кога Кина имаше голема потреба од инфраструктура. Француската компанија Alcatel до 2000 година веќе имаше десетина подружници во Кина.

Сите француски претседатели ја посетија Кина, но од особена важност беше посетата на Жак Ширак, кој им посака најсрдечно добредојде на официјалните кинески посетители. Но, таквите заложби не значи дека вродија со плод во трговијата, напротив, француско-кинескиот трговски дефицит беше отстранет во годините од 1995 до 2007 година. Секоја наредна француска влада беше посредник во справувањето со кинеските власти во име на нивните европски колеги, особено земјите од Бенелукс и Сојузна Република Германија, сè до моментот кога Сојузна Република Германија ја отвори својата амбасада, која во 1990 година беше споена со амбасадата на првата Германска Демократска Република во Пекинг. Стратегијата на Европската комисија во однос на Кина, на некој начин беше инспирирана од француските совети, во кои CAC 40 (францускиот берзански

[70] Le Corre, Philippe и Sepulchre, Alain, *China's offensive in Europe*, Brookings Institution Press, Washington, D.C. 2016, стр. 15.

индекс на четириесетте најголеми компании)[71] и државата имаа заеднички интереси.

Во 2015 година се случија промени. Во Кина почнаа да се создаваат врвни корпорации во областа на технологијата и индустријата, нивните производи беа пласирани на западните пазари. Производителот на апарати Haier, црпејќи инспирација од Германија, прерасна во водечки производител на светско ниво во изработка на фрижидери, неговата продажба во 2013 година, достигна неверојатни 26 милијарди долари. Lenovo, во 2014 година од американската групација IBM го купи одделот System X за 2,5 милијарди долари, со тоа вработувајќи уште 7.500 инженери.

Кина, како втора најсилна трговска сила во светот, сака партнерства „win-win“, каде што секоја страна на некој начин ќе има свој бенефит. Како на пример, договорот од 2011 година помеѓу Electricité de France (EDF) и Кинеската национална нуклеарна корпорација во однос на француско-кинескиот цивилен нуклеарен проект, со кој ќе се овозможи, преку пренос на технологија (и кинеско финансирање), заеднички развој на цивилниот нуклеарен пазар.

Одредени француски индустриски групации кои со години се присутни во земјата успеаја да изградат цврсти односи со Кина, но во однос на јавните пазари честопати наидуваат на затворена врата. Но со оглед на тоа дека Кина повеќе сака технолошки трансфери, Германија како нејзин главен европски партнер бележи одреден успех.

Кина не ја гледа Франција како индустриска и технолошка земја. Но затоа, познатите француски брендови, се препознаени во Кина по нивниот квалитет. Истото важи и за земјоделско-прехранбената индустрија и здравството, на пример, Кина го увезува млекото во прав. Општо земено, француските мали и средни претпријатија слабо се присутни на кинескиот пазар со оглед на фактот дека помалку извезуваат за разлика од нивните германски соседи.

[71] https://en.wikipedia.org/wiki/CAC_40 - 4.7.2022.

Од друга страна, сликата за Кина во Франција е нереална. Пред дваесет години само неколку стотици кинески студенти сакале да студираат во Франција, денес тие бројки се поголеми и се зголемуваат за 10 проценти годишно, што претставува вистински успех. Преку своите брендови, водечките производи, универзитетите, музеите, како и малите и средни претпријатија, Франција може да создаде вистински мост на пријателство со Кина и затоа треба да испрати повеќе специјализанти, практиканти, студенти и научници во Кина и сето тоа без каква било потреба од интервенција на владата.

Посета на претседателот Си Џинпинг на Франција во март 2014 година беше посебно обележана со низа раскошни настани, но не беа потпишани многу договори. Едниот беше купувањето на удел од 14 проценти во капиталот на француската автомобилска фирма PSA Peugeot-Citroën од страна на кинеската групација Dongfeng за 800 милиони евра, другиот беше купувањето (во замена за трансфер на технологија) на илјада хеликоптери Airbus EC175 за 8 милијарди долари. Овие хеликоптери заедно со кинескиот аеронаутички гигант AVIC, планирано е да се конструираат преку трансфер на технологија.[72]

Истовремено, Германија преземаше голем број сопствени иницијативи, од кои имаше особена корист. Кина отсекогаш го поддржувала проширувањето на Европа (особено по придружувањето на десетте земји, Кипар, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Словачка и Словенија, во 2004 година), и сега како свој приоритет во Европа ја смета Германија. Германската индустрија секогаш била привлечна за кинеските инженери, кои дипломираа на најдобрите инженерски училишта. Германската индустрија беше многу позната во Кина кон крајот на 1980-тите, кога кинеските претприемачи, особено оние во посебните економски зони Шенцен и Ксиамен, со гордост ја покажаа својата сосема нова и технички совршена германска машинерија.

Фактот дека Кина негува голема страст за германското инженерство не е само мит. Во 2010 година, германскиот штанд на саемот во Шангај се наоѓаше веднаш

---

[72] Le Corre, Philippe и Sepulchre, Alain, *China's offensive in Europe*, Brookings Institution Press, Washington, D.C. 2016, стр. 16-19.

покрај францускиот, и привлече помалку кинески посетители од својот сосед. Но оние кои беа заинтересирани за наука останаа подолго на штандот на Германците кои што се поотворени за кинеските претприемачи и се фокусирани на долг рок, додека Франција се смета за шампион во модната и луксузната индустрија.

Голем број германски интернет-страници ја пласираат „германската моќ“ на кинеските инвеститори, оттука се гледа и тежината на Германија. Германскиот извоз во Кина помеѓу 2000 година и 2013 година се зголемил од 1 % на 6,5 %, а тоа е речиси половина од европскиот извоз во Кина. По реизборот на канцеларката Ангела Меркел во септември 2013 година, се зацврсти и желбата за соработка со Германија, како главна европска сила. Посетите на канцеларката Ангела Меркел, како и на нејзините министри, беа зачестени и нивното зближување стана политичко.

Кинеската инвестициска корпорација и државните претпријатија беа поттикнати да бараат можности во Германија. Германските индустријалци долги години се присутни на кинескиот пазар, на пример во автомобилскиот сектор. Од 1985 година Volkswagen е присутен во Шангај од 1985 година и триесет години такси компаниите го возат нивниот водечки модел, кој што е произведен во Кина, станува за збор за Santana. Историјата на ова возило е особено интересна, произведени се 3,2 милиони возила се додека овој модел не беше запрен во 2013 година. Исто така, други германски сектори се особено интересни за Кина во однос на инвестиции: како што се обновливи извори на енергија, висока технологија и машински алати.

Германските инвестиции во Кина изнесуваа 45 милијарди евра, наспроти 2 милијарди евра кинески инвестиции во Германија. Посетата на Си Џинпинг во април 2014 година, веднаш по државната посета на Франција, потврди дека кинеско-германското партнерство е реално.

Најсимптоматичен пример за доаѓањето на кинески капитал во Германија е купувањето на семејниот бизнис за машински алати Putzmeister на почетокот на 2012 година од страна на државната кинеска компанија Sany Heavy Industry, инвестиција во вредност од 360 милиони евра. Основачот на Putzmeister, на возраст

од 79 години, не најде наследници способни да го водат бизнисот и така го поздрави Sany кој штотуку ја заврши изградбата на сосема нов центар за истражување и развој за повеќе од 100 милиони евра.

Сепак, постои тенденција од намалување на германските инвестиции во Кина, особено Сименс, а тоа повлекување може да поттикне антикинеско расположение. Како и нивните западни конкуренти, германските индустријалци страдаат од сè помал пристап на кинескиот пазар и нивното повлекување што може да ја загрози рамнотежата во кинеско-германските економски односи. Исто така, доцнењето во исплатата на кредитите во Кина значи дека управувањето за германските фирми ќе биде отежнато, а истите тие страдаат од кинеската конкуренција.[73]

### *3. Кина економски навлегува во Италија, Грција, Португалија и Шпанија*

Во јуни 2014 година, за време на службениот престој во Грција на кинескиот премиер Ли Кечијанг беа склучени не помалку од вкупно деветнаесет договори за соработка и трговски договори во износ од 3,4 милијарди евра.

Финансиската криза во Европа по 2007 година, најмногу ја погоди Грција, која без двоумење го повика кинескиот капитал, а во тоа најмногу поддржана од заемодавците, односно Европската комисија, Централната европска банка и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Во 2008 година, на кинескиот државен гигант во поморскиот транспорт COSCO под концесија се дадени за управување два терминали во пристаништето Пиреја во вредност од 500 милиони евра, за период од 35 години. Во 2013 година, COSCO со инвестиции за реновирање на постојните терминали во вредност од 230 милиони евра, ја претвори Пиреја во свое пристаниште за влез во Европа. Пристаништето беше целосно приватизирано и беа отворени четиристотини работни места.

Според извештајот на Њујорк тајмс, помеѓу 2009 и 2012 година, обемот на товар се зголемил трипати, продуктивноста се зголемила, при тоа се вработени илјада грчки работници. Користењето на Атина како логистичка платформа отвора низа нови можности за кинеските индустријалци, при тоа овозможувајќи им да го

[73] Le Corre, Philippe и Sepulchre, Alain, *China's offensive in Europe*, Brookings Institution Press, Washington, D.C. 2016, стр. 21-25.

користат за да ги испорачаат своите производи со воз во Централна Европа. Но, по победата на левицата (Syriza) на изборите во јануари 2015 година, запрена е приватизацијата на пристаништето во Атина. Иако тогашниот грчки министер за финансии, Јанис Варуфакис, сметаше дека ќе се реши овој проблем, кинеската влада шпекулираше за можните ризици кои произлегуваа од демократските избори во Европа во однос на нејзините инвестиции.

Милано е економска престолнина на Италија, и не без причина основачите на Mandarin Capital Partners го избраа за да се населат таму. Ова се случи во вистински момент, бидејќи Mandarin Capital постигна една од најдобрите кинеско-европски операции во вредност од 500 милиони евра, преку купувањето на Cifa (за машински алати) од неговиот ривал кој што е и партнер Zoomlion. Операцијата ѝ дозволи на Cifa, која беше на работ на банкрот, да изгради со својот нов акционер нова фабрика во Чангша, главниот град на Хунан, и да интегрира некои од своите тимови за истражување и развој.

На околу 300 километри од Милано се наоѓа градот Прато во Тоскана, каде живее кинеско население од речиси 50.000 луѓе, или четвртина од жителите на Прато. Тие се занаетчии, трговци, мали индустријалци, промотори на недвижности и дизајнери на софтвер. Зборуваат на одреден дијалект што ги разликува од другите Кинези. Повеќе од дваесет години, и покрај значителен број илегални имигранти, италијанската влада ја остави оваа зона да се развива. Градот стана вистински центар за обука на кинеските претприемачи во Европа.

Секторите кои што се од интерес на кинеските претприемачи во Италија се поврзани со мода, автомобили, преработка на храна, машински алати и секако телекомуникациите. Huawei, во близина на Милано отвори центар за истражување и развој за производите на масовниот пазар и дури и онлајн трговијата, што ја поттикна IZP Technologies Group да се воспостави таму во 2013 година. Во рацете на кинеските инвеститори премина и аеродромот во Парма, купен за 200 милиони евра од IZP Technologies Group. Според извештајот на Фајненшл тајмс, 200 италијански мали и средни претпријатија се купени од кинески инвеститори во вредност од вкупно 6 милијарди евра.

Кина има за цел да ја оддели Европа од Соединетите Американски Држави и тоа го прави почнуваат со најслабите земји како што е Италија. Во тој поглед, клучен момент на кинеските инвестиции во Италија е купувањето на гигантот за гуми Pirelli од страна на Кинеската национална хемиска корпорација (CNCC) на 22 март 2015 година во вредност од 7,7 милијарди долари.

Во однос на инвестициите во Португалија, Кинезите од Хонг Конг брзо се свртеа кон Лисабон. Денес голем е бројот на агенции специјализирани за добивање „златни визи“ во Шпанија и Португалија, оној што инвестира минимум 500.000 евра во недвижен имот добива виза за долгорочен престој, единствена обврска е да престојува седум дена во земјата. По шест години, инвеститорот може да побара португалско државјанство, а потоа да добие и ЕУ пасош. Но сепак, оваа постапка се однесува само на неколку стотици лица, богати кинески државјани кои сакаат да емигрираат.

Поранешната шпанска колонијална империја сè уште не е атрактивна за кинеските инвеститори. Шпанското присуство во Кина е многу ограничено, се сведува само на културни и образовни активности, некои помали бизниси и шпански печат. ZTE и Huawei веќе инсталираа свои високи функционери во Telefonica во Шпанија, тие паралелно се развиваат и на јужноамериканскиот континент. Во меѓувреме, групацијата Hainan, сопственик на истоимената авиокомпанија, купи 20 % од шпанскиот синџир хотели NH Hoteles. Познато е и купувањето на Edificio España, една од митските згради во Мадрид, купена за 265 милиони евра.

Како и нејзиниот сосед Португалија, Шпанија нуди посебна дозвола за престој на кинеските инвеститори во недвижен имот, во вредност од повеќе од 500.000 евра или во проекти кои се од општа корист, односно со отворање нови работни места. По десет години, загарантиран е престој во Шпанија.

Кина не ја заборава ниту Источна Европа, особено Романија и Унгарија кои за кинеските фирми се бази за поддоговори. На самитот наречен „16 + 1“ што се одржа во Белград во декември 2014 година во присуство на кинескиот премиер Ли Кечијанг, најавен е фонд од 3 милијарди евра со кои ќе се поттикнуваат кинеските

инвестиции во јавно-приватно партнерство и приватизација на одредени претпријатија во Централна и Источна Европа. Голема инвестиција е финансирањето на нова железница помеѓу Белград и Будимпешта. Станува збор за „новиот пат на свилата“, преку одредени пристанишни и аеродромски инфраструктури во Бугарија, Словенија и Хрватска. Земјите од Источна Европа се одлични точки за влез во еврозоната, со најниски трошоци за производство. Во ноември 2015 година се одржа четвртата средба „16 + 1“ кинескиот град Суџоу. Постигнат е голем напредок на таа средба со потпишувањето на седум билатерални договори во форма на меморандуми за разбирање кои се поврзани со иницијативата „Еден појас, еден пат“.[74]

[74] Le Corre, Philippe и Sepulchre, Alain, *China's offensive in Europe*, Brookings Institution Press, Washington, D.C. 2016, стр. 25-32.

# БИБЛИОГРАФИЈА


## 1. БИБЛИОГРАФСКИ ЕДИНИЦИ НА КИРИЛИЦА:

Виоти, Пол Р. и Каупи, Марк В., *Меѓународни односи и светска политика*, Академски печат, Скопје, 2009 год.

Вајденфелд, Вернер и Веселс, Волфганг, *Европа од А до Ш,* Прирачник за европска интеграција, Фондација „Конрад Аденауер”, Скопје, 2009 год.

Никодиновска Крстевска, Ана; Тушевска Гавриловиќ, Борка и Кошевалиска, Олга, *Европска унија: право и политики*, Центар за анализа на право и политики, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2019 год.

Петрушевска, Татјана; Наумовски, Васко и Апостоловска-Степаноска, Милена, *Европски интеграции*, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2020 год.

## 2. БИБЛИОГРАФСКИ ЕДИНИЦИ НА ЛАТИНИЦА:

Joseph, William A., *Politics in China*, second edition, Oxford University Press, New York, 2014.

Rourke, John T. и Boyer, Mark A., *International Politics on the World Stage*, brief edition, Brown & Benchmark Publishers, 1996.

Rourke, John T. и Boyer, Mark A., *World Politics: International Politics on the World Stage*, Brief 2nd Edition, Mcgraw-Hill College, 1998.

Goldstein, Joshua S. и Pevehouse, Jon C., *International Relations*, seventh edition, Longman, 2006.

Gilson, Julie, *Asia Meets Europe*: Inter-Regionalism and the Asia-Europe Meeting, Edward Elgar, Cheltenham, UK; Northampton, MA, USA, 2002.

Jinping, Xi, *The Governance of China*, Foreign Languages Press Co. Ltd, Beijing, China, 2014.

Huisken, Ron, *Introducing China: the world's oldest great power charts its next comeback*, ANU E Press, Canberra, Australia, 2010.

Le Corre, Philippe и Sepulchre, Alain, *China's offensive in Europe*, Brookings Institution Press, Washington, D.C. 2016.

Edmonds, Richard Louis, *China and Europe since 1978: A European Perspective*, Cambridge University Press, Cambridge, 2002.

Shambaugh, David; Sandschneider, Eberhard и Hong, Zhou, *China-Europe Relations: perceptions, policies and prospects*, Routledge, London and New York, 2008.

Jinping, Xi, *The Belt and Road Initiative*, Foreign Languages Press Co. Ltd, Beijing, China, 2019.

Dent, Christopher M., *The European Union and East Asia: an economic relationship*, Routledge, London and New York, 1999.

Nolan, Peter, *China and the global economy: national champions, industrial policy, and the big business revolution*, Palgrave, 2001.

Gu, Sharron, *Law and Politics in Modern China: Under the Law, the Law, and Above the Law*, Cambria Press, Amherst, New York, May 28, 2009.

**3. ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ:**

https://www.theatlantic.com/china/archive/2013/10/how-humiliation-drove-modern-chinese-history/280878/

https://history.state.gov/milestones/1945-1952/chinese-rev

https://asiapacificcurriculum.ca/learning-module/opium-wars-china

https://www.cambridge.org/core/journals/historical-journal/article/abs/whats-in-a-name-zhongguo-or-middle-kingdom-reconsidered/E699F5808F4C08DFB7873AD8212DD40E

https://digitalarchive.wilsoncenter.org/document/121557.pdf?v

http://www.imor.org.mk/programmes/spring_day_07/pdf/jordan-rad6E760-1.pdf

https://www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?id=31469

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A21978A0403%2801%29

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A21985A0919%2801%29

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=celex:31985R2616

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=celex:21985A0919(01)

http://eeas.europa.eu/archives/docs/china/docs/eu-china_2020_strategic_agenda_en.pdf

http://www.eeas.europa.eu/archives/docs/china/docs/com95_279_en.pdf

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=celex:52016JC0030

https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/A-8-2018-0252_HR.html

https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:1998:0181:FIN:EN:PDF

https://ec.europa.eu/trade/policy/countries-and-regions/countries/china/

https://www.cairn.info/revue-politique-europeenne-2013-1-page-158.htm#

https://www.ifri.org/sites/default/files/atoms/files/full-report-web-version_updated_2019.pdf

https://csis-website-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/legacy_files/files/media/csis/pubs/080507-gill-chinaeuroperelations-web.pdf

https://onlinelibrary.wiley.com/doi/pdf/10.1002/app5.152

https://ecfr.eu/wp-content/uploads/ECFR12_-_A_POWER_AUDIT_OF_EU-CHINA_RELATIONS.pdf

https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3217494/7589036/KS-EX-16-001-EN-N.pdf/bcacb30c-0be9-4c2e-a06d-4b1daead493e

http://aei.pitt.edu/8242/1/31735055282226_1.pdf

http://aei.pitt.edu/60061/1/BN_3.78.pdf

https://www.tni.org/files/download/eu-china-civil-society.pdf

https://www.history.com/topics/cold-war/berlin-wall

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:11992M/TXT

https://www.britannica.com/topic/Four-Modernizations

https://biography.yourdictionary.com/wei-jingsheng

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12001C/TXT&from=GA

http://aei.pitt.edu/41679/1/A5830.pdf

https://www.britannica.com/topic/Western-European-Union

https://digitalcommons.lmu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1071&context=ilr

https://www.basiclaw.gov.hk/filemanager/content/en/files/basiclawtext/basiclaw_full_text.pdf

https://treaties.un.org/doc/Publication/UNTS/Volume%201498/volume-1498-I-25805-English.pdf

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=uriserv%3AOJ.L_.1992.404.01.0027.01.ENG

https://www.ipim.gov.mo/en/market-information/european-union/macaos-co-operation-relation-with-eu/

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=CELEX%3A52021JC0005&qid=1632996521970

https://op.europa.eu/sl/publication-detail/-/publication/457964bf-2a60-11e7-9412-01aa75ed71a1/language-hr/format-PDF

https://www.jesuits.org/about-us/the-jesuits/

https://www.marxists.org/subject/china/peking-review/1972/PR1972-09.pdf

https://eeas.europa.eu/archives/docs/china/docs/com95_279_en.pdf

http://aei.pitt.edu/2784/1/2784.pdf

https://www.oxfordbibliographies.com/view/document/obo-9780199920082/obo-9780199920082-0064.xml

https://world101.cfr.org/global-era-issues/trade/what-happened-when-china-joined-wto

https://www.idee.ceu.es/Portals/0/Publicaciones/Political-Dialogue-in-EU-China-Relations.pdf

https://www.eeas.europa.eu/eeas/asia-europe-meeting-asem_en

https://www.ceibs.edu/introduction-ceibs

https://en.wikipedia.org/wiki/CAC_40

https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/MEMO_95_75

https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/0bcbc1c7-2c78-4bba-a027-f67035eeac4f

https://www.mfa.gov.cn/ce/cenl//eng/zt/zgyyohy/t138633.htm

https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/IP_94_641

https://ec.europa.eu/international-partnerships/where-we-work/china_en

https://eeas.europa.eu/archives/delegations/china/documents/more_info/eu_china_strategy_en.pdf

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52019JC0005&from=EN

https://ehne.fr/en/encyclopedia/themes/european-humanism/diplomatic-practices/european-political-cooperation-1970-1993

https://en.wikipedia.org/wiki/Third_Way#:~:text=The%20Third%20Way%20is%20a,with%20centre%2Dleft%20social%20policies

https://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Dogovor%20od%20Lisabon(1).pdf

http://eu.china-mission.gov.cn/eng/dshdjh/201002/t20100223_8268176.htm

https://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Vasiot%20priracnik%20za%20Dogovorot%20od%20Lisabon(2).pdf

https://ec.europa.eu/trade/policy/countries-and-regions/countries/hong-kong-sar/

https://www.fmprc.gov.cn/ce/cggb/eng/gyzg/jbgq/t216950.htm ДА СЕ ПРОВЕРАТ